СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
КОЧО РАЦИН

# ИЗВЕШТАЈ ОД

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

## СУГС ,, КОЧО РАЦИН”

**ЗА ПЕРИОДОТ 2023 – 2025 ГОДИНА**

**Скопје, август 2025**

**СОДРЖИНА** **СТР.**

**1.Вовед во самоевалуацијата на училиштето ........................................ 3**

**2.Подрачја на вреднување,индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата.................................................................................... 4**

2.1.Табеларен приказ на подрачјата за самоевалуација

2.2. Техники и инструменти

2.3. Нивоа на постигања

***1. Подрачје на вреднување Наставни планови и програми* ..................... 7**

- техники и инструменти на самоевалуацијата

***2 .Подрачје на вреднување Постигања на учениците*...................... 17**

- техники и инструменти на самоевалуацијата

***3. Подрачје на вреднување Учење и настава*............................................. 23**

- техники и инструменти на самоевалуацијата

***4. Подрачје на вреднување Подршка на учениците*................................... 36**

- техники и инструменти на самоевалуацијата

***5 .Подрачје на вреднување Училишна клима*................................................ 44**

- техники и инструменти на самоевалуацијата

***6. Подрачје на вреднување Ресурси*............................................................. 52**

- техники и инструменти на самоевалуацијата

***7. Подрачје на вреднување Управување, раководоње и креирање политики*........................................................................................... 61**

- техники и инструменти на самоевалуацијата

# 1. *Вовед во самоевалуацијата на училиштето*

**Самоевалуацијата** на училиштето е **процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното** со единствена цел **унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето**.

Самоевалуацијата на училиштето во себе содржи три клучни елементи: *климата на училиштето, реализацијата на наставата, односите наставник –ученик – родител,* кои мора да се темелат на објективни и релевантни податоци што ќе не упатат кон подобрување на целокупниот воспитно – образовен процес.

Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

Самоевалуацијата опфаќа неколку **цели**, и тоа:

- *Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата;*
- *Ефективно и ефикасно раководење со училиштето;*
- *Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем;*
- *Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати;*
- *Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување;*
- *Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.*
- *Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на воспитнио-образовниот процес во училиштето.*

# *2. Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата*

## 2.1.Табеларен приказ на подрачјата за самоевалуација

За да се следи квалитетот во севкупната работа на училиштето потребно е да се согледаат **условите** во кои училиштето работи, **процесите** кои се одвиваат во него како и **резултатите** и **постигнувањата** на училиштето.

Врз основа на овие три категории се дефинирани и утврдени подрачјата на вреднување и индикаторите за квалитет:

| Подрачја на вреднување | Индикатори за квалитет |
|---|---|
| **1. Наставни планови и програми** | • Организација и реализација на наставните планови и програми<br>• Квалитет на наставните планови и програми<br>• Воннаставни активности |
| **2. Постигања на учениците** | • Постигања на учениците<br>• Задржување/осипување на учениците<br>• Повторување на учениците |
| **3. Учење и настава** | • Планирање на наставниците<br>• Наставен процес<br>• Искуства на учениците од учењето<br>• Задоволувања на потребите на учениците од наставата<br>• Оценување како дел од наставата<br>• Известување за напредокот на учениците |
| **4. Поддршка на учениците** | • Севкупна грижа за учениците<br>• Здравје<br>• Советодавна помош<br>• Следење на напредокот |
| **5. Училишна клима и односи во училиштето (ЕТОС)** | • Училишна клима и односи во училиштето<br>• Промовирање на постигањата<br>• Еднаквост и правичност<br>• Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница |
| **6. Ресурси** | • Сместување и просторни капацитети<br>• Наставни средства и материјали<br>• Обезбедување на потребниот наставен кадар<br>• Следење на развојните потреби на наставниот кадар |

| | |
|---|---|
| | • Финансиско работење во училиштето |
| **7. Управување, раководење и креирање политика** | • Управување и раководење со училиштето<br>• Цели и креирање на училишната политика<br>• Развојно планирање |

## 2.2 Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата (табеларен приказ):

| **ТЕХНИКИ** | **ИНСТРУМЕНТИ** |
|---|---|
| **НАБЉУДУВАЊЕ** | ПРОТОКОЛИ ЗА НАБЉУДУВАЊЕ |
| **АНКЕТИРАЊЕ** | АНКЕТИ |
| **ИНТЕРВЈУ** | ПРАШАЛНИЦИ |
| **СКАЛИРАЊЕ** | СКАЛИ НА ПРОЦЕНА |
| **АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ, дневник за работа,извештаи,записници и сл.** | ЧЕК ЛИСТИ |

## 2.3 Нивоа на постигања

**Нивоата на постигања** содржат јасни и прецизни описи на постигнувањата кај поединечните **индикатори** во рамките на одредено **подрачје на вреднување**. Врз основа на меѓународните искуства и индикаторите за квалитет на работата на училиштата изготвен од МОН (Државен просветен инспекторат) во Скопје, 2009 год. вреднувањето на оствареното се врши на четири нивоа и тоа: многу добро, добро, делумно задоволува, не задоволува.

**Ниво 4 / многу добро** - се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде преовладуваат јаките страни. Може да постојат мал број слаби страни, меѓутоа тие значително не влијаат на искуството што го имаат учениците во училиштето. Иако многу добро е највисок стандард, сепак тој стандард може да го постигне секое училиште. Тој укажува дека училиштето во тој аспект е добро и не треба да прави позначајни прилагодувања. Сепак, се очекува училиштето да продолжи да го одржува високото ниво на тој аспект и да ги користи сите можности и добри пракси што му се нудат за понатамошно подобрување.

**Ниво 3 /добро** – се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде постојат бројни јаки страни. Има слаби страни, но тие ниту поединечно ниту групно немаат значително негативно влијание на искуството што го имаат учениците во училиштето. Евалуацијата добро може да се даде под бројни

околности. На пример, учењето и наставата се соодветни и како резултат на тоа искуството на учениците е позитивно, сепак може да се дојде до сознание дека на учениците не им се нуди доволно предизвик. Најчесто овој аспект се карактеризира со јаки страни, но има една или повеќе слаби страни кои влијаат на севкупниот квалитет на искуството што го имаат учениците.

**Ниво 2 / делумно задоволува** – се евалуираат аспекти од работата на училиштето кои имаат некои јаки страни, но имаат и значителни слаби страни кои влијаат на искуството на учениците. Во целина, кога се евалуира со делумно задоволува, тоа значи дека училиштето треба да преземе структурни и навремени активности за подобрување на состојбите. Евалуацијата делумно задоволува може да се даде под бројни околности. Може да постојат јаки страни, но, исто така, и слаби страни кои индивидуално или групно може да го нарушат квалитетот на работата на училиштето.

**Ниво 1/ не задоволува** – Со не задоволува се евалуираат оние аспекти од работата на училиштето кога постојат значајни слаби страни за кои се потребни дополнителни активности од страна на училиштето. Искуството на учениците е загрозено во некои клучни аспекти. Во најголем број на случаи, кога наставата е оценета како незадоволителна потребна е дополнителна поддршка од раководството во планирање и спроведување на соодветни активности за подобрување. Ова може да вклучува потреба од подобрување и поддршка од искусни колеги од училиштето или надвор од него.

# *1.Подрачје на вреднување Наставни планови и програми*

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**1.1. Реализација на наставните планови и програми**

**1.2. Квалитет на наставните планови и програми**

**1.3. Вонннаставни активности**

| **Извори: документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
|---|---|
| ***1.1. Организација на наставните планови и програми***<br><br>Наставни планови и програми одобрени од МОН<br><br>Годишни глобални и тематски планирања<br><br>Дневни планирања на наставниците<br><br>Главните книги за претходните две учебни години<br><br>Годишна програма и годишен извештај на | ***Применувани наставни планови и програми***<br>Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН. При тоа се земаат во предвид индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите во зависност од видот и степенот на нивното образование преку барање помош, мислење, сугестии и вклучување во разни активности соодветни на нивната професија, афинитет, влијание и углед за подобрување на материјалната основа, условите за работа и унапредување на воспитно-образовната дејност. Исто така, се вршат одредени прилагодувања на програмата од страна на наставниците поради недостаток на учебници во стручното образование, преклопување на предмети или недоволна корелација меѓу сродни предмети.<br>Теоретската настава се реализира според постојните наставни планови и програми во гимназиското (реформирано) образование и според програмата во средното четиригодишно стручно образование и во тригодишното стручно образование.<br>Практичната настава за учениците од текстилно-кожарската струка и економско-правната и трговска струка ќе се изведува според модуларно-дуалните наставни планови и програми кај работодавач, односно кај соодветни организации од државниот и приватниот сектор.<br>***Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми***<br>На почетокот на учебната година наставниците ги запознаваат учениците со содржината на наставниот план и програма за тековната учебна година, а родителите на родителските средби и преку родителските одбори се запознаваат со содржините и воспитно-образовните цели кои ќе се реализираат.<br>***Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби***<br>Во училиштето се изработуваат прилагодени посебни програми за деца со посебни потреби.<br>***Избор на наставни предмети***<br>Изборните предмети се застапени во гимназиското и стручното образование. |

| | |
|---|---|
| училиштето<br><br>Дневник на работа, годишна програма за работа на класниот раководител<br><br>Записници од Одбор на родители, Училишна заедница,<br><br>Програма за работа на проектни активности | Во гимназиското образование, на сите ученици подеднакво им се дава можност да избираат наставни предмети, и тоа:<br>-учениците од втора година избираат еден предмет (информатичка технологија, етика, говорење и пишување),<br>-учениците од трета година вршат избор на наставно подрачје (општествено-хуманистичко, јазично-уметничко и природно-математичко).<br>Во стручното образование, и во двете струки има понудено неколку изборни модули за во трета и четврта година, од кои учениците одбираат еден изборен модул. Секој изборен модул се состои од еден или два предмети кои се изучуваат во трета и четврта година.<br>Преку изборните програми учениците ги прошируваат и продлабочуваат знаењата, способностите и вештините од научените области за кои се определиле. Изборните програми се во функција на професионалната ориентација на учениците и нивна подготовка за поквалитетно следење на повисокиот степен на образование. По определување на изборните предмети тие стануваат задолжителни за ученикот и влијаат на општиот успех. Реализирањето на овие часови се одвива според истите критериуми и квалитет како наставата за задолжителните предмети.<br>Освен изборните предмети во училиштето се реализираат и проектни активности во гимназиско образование и содржини програмирани од училиштето во стручното образование. Програмите се дадени од повеќе области и следејќи ги личните интереси и афинитети, учениците изборот го вршат самостојно, а училиштето во целост ги почитува. Секој ученик избира по две проектни активности од прва до четврта година. Од вкупниот број 35 часа 15 часа се теоретски со менторите, а 20 часа индивидуална работа. |

| **Извори: документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
|---|---|
| ***1.2.Квалитет на наставните планови и програми***<br><br>Анкетни прашалници за избор на наставни предмети, наставни подрачја и проектни активности<br><br>Извештаи и материјали од | ***Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала***<br>При реализација на наставните планови и програми постои подеднаква можност за учество на учениците од различна етничка и полова припадност во раководењето, соработката, договарањето, самодовербата и разрешувањето на конфликтите.<br>***Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала***<br>Училиштето остварува соработка со Локалната заедница преку заеднички акции од областа на екологијата (еко-одбор), разни општествено-културни активности (прослава на јубилеи на општината, конкурси), спортски меѓуопштински натпревари и сл.<br>Училиштето го искористува сето она што го нуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи но исто така, тоа придонесува за подигање на културно-образовното ниво на учениците.<br>Има можности за интегративен пристап кон содржините на сродните предмети, |

| | |
|---|---|
| работата на стручните активи<br><br>Програма за заштита на здравјето на учениците<br><br>Стручна служба психолог, педагог | што се изведува преку работата на активите и нивна координираност.<br>***Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието***<br>Во планот и програмата за работа на класните часови планирани се содржини од областа на здравственото воспитување кои овозможуваат стекнување на информации за здравјето и негово унапредување и оспособување на учениците за здрав начин на живеење, се дискутира за успех, редовност, дисциплина, екологија, јакнење на менталното здравје и други теми кои ги предлагаат учениците, а кои одговараат за нивната возраст.<br>***Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми***<br>Наставниците имаат можност за модификација на наставните планови и програми преку перманентно стручно усовршување и преку примена на активните методи и техники на учење кои го поттикнуваат критичкото мислење на учениците.<br>Предметните наставници земаат учество на семинари и обуки организирани од МОН, БРО, ЦСОО, како и семинари организирани од УСАИД и други невладини организации за стручно усовршување на наставниците. |
| **Извори: документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
| **1.3 Вонаставни активности**<br><br>Изготвени стручни предавања од областа на здравственото образование<br><br>Планови и програми за работа на проектни активности<br><br>Планови и програми за додатна настава<br>Програма за работа со надарени/ талентирани деца | Целта на здравствената и физичка култура е изградување на зрела личност, треба да се развива и формира свеста кај учениците, за здравјето како основен извор за среќата на човекот. Посебно внимание ќе се посвети на хигиенските услови и естетскиот изглед на училишните простори и училишниот двор.<br>Училиштето има посебна задача во воспитувањето на младите за рамноправни и хумани односи меѓу половите.<br>За ангажирање и поттикнување на индивидуалните способности, задоволување на интересот на учениците, развивање на колективната свест како и збогатување на општествениот живот и рекреација на учениците, според условите во училиштето ќе се настојува да се обезбедат просторни и организациони услови за реализирање на слободните активности.<br>Во училиштето успешно се реализираат содржини од областа на Граѓанското образование и човекови права, на часовите по Социологија, Етика, Вовед во право во гимназиските паралелки и Граѓанско образование во стручните паралелки, како и преку проектните активности: Урбана култура, Странски јазици, Активности од областа на музиката и Спорт и спортски активности.<br>За учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати и ќе покажат зголемен интерес за одделни научни и наставни содржини ќе се организира додатна настава преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одредени предмети и подрачја и учество на учениците на натпревари и смотри од различни области, општествено-културни активности, спортски активности, каде што рамноправно учествуваат и машки и женски ученици, во зависност од интересите. Стручната служба изработува програма за работа со талентирани/надарени ученици.<br>Предметните наставници изготвуваат распоред со однапред изготвени |

| | |
|---|---|
| Планови и програми за дополнителна настава<br><br>Практична настава<br><br>Консултативна, Продолжителна настава<br><br>Дневник за работа<br><br>Записник во дневник за работа и годишна програма - Ученички екскурзии<br><br>Записници од работата на Училишната заедница<br><br>Општествено корисна работа – Годишна програма на училиштето<br><br>Програма за работа со деца со посебни образовни потреби | распределенија и ги запознаваат учениците со содржините и распоредот уште на почетокот на учебната година.<br>За учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година се организира дополнителна настава. Предметниот наставник е задолжен да изведува дополнителна настава ако по предметот се евидентираат негативни оценки. Секој предметен наставник изготвува распоред за изведување на дополнителна настава и годишно и тематско планирање.<br>Практичната настава за учениците од текстилно-кожарската струка и економско-правната и трговска струка се реализира според модуларно-дуалните наставните планови и програми кај работодавач, односно кај соодветни организации од државниот и приватниот сектор.<br>Оваа настава се организира за оние ученици на кои им е потребна помош во совладувањето на одделни содржини од предметите кои учениците не ги изучувале, го менуваат профилот или струката или се упатени на поправен испит и испит на годината. Консултативната настава се изведува и со учениците од завршните години со менторите за полагање на државна и училишна матура и завршен испит. Истата се изведува во училиштето редовно по договор со учениците како во однос на времето за нејзина реализација, така и според потребите на ученикот, а во согласност со календарот за организација на учебната година, даден од Министерство за образование и наука.<br>Ученичките екскурзии претставуваат посебна форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се проширувааат општите и стручните знаења на учениците. Се планираат екскурзии поврзани со теми и содржини од наставните програми, еднодневни и повеќедневни екскурзии и посети од воспитен, културен, забавен и стручен карактер со цел учениците да се запознаат со природните убавини и со културно – историските знаменитости на Република Северна Македонија и земјите од Европа. Се организираат и стручно-истражувачки екскурзии и завршни екскурзии каде што учениците ќе посетат индустриски капацитети и фабрики за текстил и кожа, економско-правни претпријатија и ќе се запознаат директно со современите машини и технологија на производство.<br>Во училиштето постојат ученичка заедница на паралелката и ученичка заедница на училиштето. Заедниците на учениците се значаен сегмент во организацијата на животот и работата на училиштето. Преку нив учениците сами или заедно со наставниците и родителите се договараат, заземаат ставови и донесуваат одлуки за сите позначајни прашања што се во врска со животот и работата во училиштето. Целта на училишните заедници е поуспешно учество на учениците во воспитно-образовната работа и постигање на што подобри резултати.<br>Целта на општествено-корисната работа е вклучување во општествениот живот развивање на љубов и позитивен однос кон работата, одговорност и почит кон работниот човек, кон основните работни навики умеење и вештини, правилно да се сфати улогата на физичкиот и интелектуалниот труд во животот на човекот.<br>Педагошко – психолошката служба изготвува програма за работа за деца со посебни потреби. Целта е индивидуален пристап и прилагодување на наставата кон |

| | |
|---|---|
| Пофалби и награди од воннаставните активности во училиштето<br><br>Сертификати за учество, пофалници, дипломи, освоени награди, пехари | потребите на учениците, препознавање на учениците и видот на попреченост, изготвување на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со посебни потреби и подобрување на социјалниот и емоцијалниот статус на учениците.<br>Придобивките од воннаставните активности се повеќекратни: афирмација на училиштето во Локалната заедница, лична афирмација на учениците, кои преку овие активности се социјализираат, се дружат, учат преку соработка и комуникација.<br>Во текот на учебната година се организираат и реализираат општински, регионални и државни натпревари на кои учествуваат наши ученици и постигнуваат солидни резултати, како што се натпреварите по: англиски јазик, математика – во организација на „Кенгур“, учество на “Ноември-месец на науката“, „Школа на млади физичари“, учество на многубројни проекти во организација на Град Скопје, МОН, БРО, ЦСОО, учество на меѓународни проекти, Еразмус проекти, учество и реализација на проекти од МИО итн.<br>Освоени се многубројни награди по ликовна уметност, англиски јазик, географија, историја, биологија на натпревари и конкурси на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво, учество и награди на модни ревии, учество на изложби со освоени дипломи, признанија и пофалници.<br>Освоени се многубројни награди по Спорт и спортски активности при учество на повеќе турнири , каде училиштето на ниво на градот покажува забележителни резултати, при што учениците освоија повеќе дипломи, пехари, признанија, пофалници. |

## *Анализа и интерпретација на резултатите од анкетите на подрачјето*

### *1.1. Наставни планови и програми*

Според исказите на наставниците (91% се согласиле, а 9% делумно се согласиле), наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН.

Во следниот графички приказ се гледа согласноста на наставниците (19% се согласиле, 52% делумно се согласиле, а 29% не се согласиле) дека наставните планови и програми се преобемни:




Во однос на работата со деца со посебни образовни потреби, 69% од анкетираните наставници се согласиле дека со нив се работи според прилагодени наставни програми, 33% делумно се согласиле, а пак од анкетираните родители 85% се согласуваат, 12% делумно се согласуваат, а 3% не се согласуваат.

Во однос на изборните предмети и подрачја, 81 % од анкетираните наставници се согласуваат, а 19% делумно се согласуваат дека постапката за избор на наставни предмети се применува во целост со доследно почитување на потребите и барањата на учениците, а пак 85% од анкетираните родители се согласуваат, 11% делумно се согласуваат и 4% не се согласуваат со истиот исказ. За разлика од нив, 75% од учениците се согласиле дека постапката за избор на наставни предмети се применува во целост со доследно почитување на потребите и барањата на учениците, 17% делумно се согласиле со истиот исказ, додека со истиот не се согласуваат 8%.

### *1.2. Квалитет на наставни планови и програми*

Во врска со втората област, 85% од анкетираните родители се согласуваат, а 15% делумно се согласуваат дека училиштето преку формални органи прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од наставниците и родителите од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност. Од анкетираните наставници 67% се согласуваат, 29% делумно се согласуваат, а 4% не се согласуваат со истиот исказ.

Дали во текот на наставниот процес се користи ИКТ (информатичка технологија), мислењата на наставниците, родителите и учениците се дадени на следните графички прикази:










При тоа, 76% од анкетираните наставници се согласуваат, 19% делумно се согласуваат, а 5% не се согласуваат дека користењето на ИКТ му овозможува на ученикот полесно да ја совлада наставната единица, со што и часот станува поинтересен, а од анкетираните родители 75% се согласуваат и 25% делумно се согласуваат со истиот исказ. 61% од учениците, пак, одговориле потврдно на овој исказ, 35% делумно се согласуваат, а 4% не се согласуваат со истиот.

### *1.3. Вонанаставни активности*

На следниот графички приказ е дадено мислењето на анкетираните наставници, родители и ученици дали училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците:










91% од анкетираните наставници се согласуваат, а 9% делумно се согласуваат дека најголемиот број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивниот пол, етничка и социјална припадност, 72% од анкетираните ученици се согласуваат, а 20% делумно се согласуваат дека најголемиот број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивниот пол, етничка и социјална припадност, а 8% не се согласуваат, додека пак 85% од анкетираните родители се согласуваат, 9% делумно се согласуваат, а 6% не се согласуваат со истиот исказ.

Со исказот дека учениците со поддршка од училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или на

меѓународно ниво, се согласуваат 95% од анкетираните наставници и 5% делумно се согласуваат; 84% од анкетираните родители се согласуваат, 13% делумно се согласуваат, а 3% не се согласуваат со истиот исказ, и 71% од анкетираните ученици се согласуваат, 21% делумно се согласуваат, а 8% не се согласуваат со дадениот исказ.

### *РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ*

***Клучни јаки страни:***

- **Наставните планови и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно изработени;**
- **Редовно се изготвуваат годишните, тематските и дневните планирања од страна на сите наставници, со опфат на ИКТ програмата, теми од еко-проектот и теми за меѓуетничка интеграција;**
- **Наставниците изготвуваат индивидуални програми за работа со ученици со посебни потреби;**
- **Наставата ја реализира соодветен стручен кадар;**
- **Постои заемна соработка на ниво на стручни активи;**
- **Соработка со родителите и локалната заедница за успешно реализирање на наставни и воннаставни активности;**
- **Реализирање на проекти кои промовираат демократски постапки на однесување на учениците, стручно усовршување на наставниците, како и земање учество во повеќе обуки;**
- **Оптимално користење на постојната литература и материјално-техничките услови за работа вклучувајќи ја и ИКТ програмата;**
- **Успешна реализација на дополнителна и додатна настава;**
- **Успешна реализација на слободните активности.**

***Слаби страни:***

- **Недоволна вклученост на наставниците од страна на МОН во изготвувањето на наставните планови и програми;**
- **Недоволна примена на современи наставни форми и методи во реализацијата на наставата по одделни предмети и реализација на традиционален тип на настава.**

***Идни активности: приоритетни подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето.***

- **Подобрување на квалитетот на наставата со доопремување на училиштето со нагледни средства и помагала;**
- **Стручно усовршување на наставниот кадар;**
- **Поголема вклученост на наставниците при изработка на наставните планови и програми;**
- **Продолжување на активности во рамките на програмата “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, „Меѓуетничка интеграција во образованието“, „Поттикнување на менталното здравје кај учениците“, „Намалување на меѓуврсничкото насилство“ и сл.**
- **Оформување медијаторски клуб за подобрување на меѓучовечките односи меѓу**

**учениците, професорите и родителите.**

Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН. Наставниците се директно вклучени во реализацијата на истите, правејќи интегративен пристап заради избегнување на преклопување на одредени содржини, како и повремени прилагодувања на содржините на структурата на класот. Голем дел од нив немаат големо влијание врз изготвувањето на наставните планови и програми. Родителите имаат можност да се запознаат со наставните планови и програми, но немаат влијание врз нивно донесување и реализација.

Училиштето, како што е предвидено во програмата, им нуди на учениците од гимназиските паралелки да одберат еден од понудените три предмети во втора година, додека во трета година се одлучуваат за еден од понудените пакет предмети во зависност од изборното подрачје и групата во негови рамки. Изборното подрачје продолжуваат да го изучуваат и во четврта година. Во стрчното образование исто така е предвиден избор на предмети (модули) кои се изучуваат во трета и четврта година.

Во рамките на гимназиското образование, се спроведуваат и проектни активности во кои што учество мора да земат сите ученици (две активности по избор на ученикот), додека во стручното образование истите се познати како слободни часови на училиштето. Покрај проектните активности, во училиштето се реализираат и воннаставни активности, во коишто рамноправно учествуваат и машките и женските ученици во зависност од нивните афинитети. Исто така, учениците пројавуваат интерес за нови наставни форми и методи на работа, за кои се потребни нагледни наставни средства и соодветен простор.

Во училиштето, педагогот во соработка со локалната заедница, стручни лица и невладини организации, организира предавања и едукативни работилници на теми: зајакнување на менталното здравје, ненасилна комуникација, сајбер заштита, здравствена заштита, заштита од заразни болести, превенција од зависности, здрава храна и квалитетен начин на живеење и сл.

Наставниците се заинтересирани за осовременување на наставниот процес преку користење на електронска, компјутерска технологија, посебно за интернет услугите, меѓу другото и како можност за соработка и размена на искуства со колеги од други училишта во градот, државата, па и пошироко. Тие земаат активно учество во обуките за нивно стручно усовршување, за што добиваат целосна поддршка од училиштето за учество на семинари, курсеви, проекти, комисии итн.

## 2. *Подрачје на Постигнувања на учениците*

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**2.1. Постигања на учениците**

**2.2. Задржување/осипување на учениците**

**2.3. Повторување на учениците**

| **Извори: документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
|---|---|
| **2. 1 Постигања на учениците**<br><br>Записници од наставнички совет на училиштето<br><br>Записници од стручната служба на училиштето<br><br>Записници од средби со родители<br><br>Анализи на успехот<br><br>Програма за дополнителна и додатна настава<br><br>Годишна програма на училиштето<br><br>Статут на | **Следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети и поквалификациони периоди.**<br>Во однос на следењето на постигнувањата на учениците по наставни предмети и класификациони периоди, испитаниците посочуваат дека училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците. Поточно, во училиштето на крајот на секое тримесечје се врши анализа на успехот и се прават споредби на истиот во однос на претходните години. Особено се обрнува внимание на оние предмети од природните науки каде успехот е континуирано послаб. По етничка припадност училиштето не прави посебни статистики. Што се однесува до резултатите според половата структура, во однос на успехот, нема големи разлики.<br>**Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата).**<br>Училиштето прави напори за подобрување на успехот на учениците со воведување на нови методи на работењето, преку поголема соработка во рамките на стручните активи, преку советувањата на родителите и учениците, како и преку постојано стручно усовршување на наставниот кадар.<br>**Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби.**<br>Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето има разработено свој систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби, преку програма за идентификација на истите, формиран тим за идентификација на учениците, посебни индивидулани планирања на наставниците за работа со овие ученици и организирање на дополнителна настава.<br>**Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната / додатната настава**<br>Во училиштето се реализира дополнителна и додатна настава, по сите предмети и од сите професори. |

| | |
|---|---|
| училиштето<br><br>Увид од инспекциски тим | **Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование.**<br>Во однос на следењето на постигнувањата на учениците и надминувањето на разликите во постигнувањето на учениците од еден циклус во друг, училиштето ја подобрува својата стратегија за реализација на поставената задача. |
| **Извори: документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
| **2.2. Задржување/ осипување на учениците**<br>Записници од наставнички совет на училиштето<br>Анализи на успехот<br>Програма за дополнителна и додатна настава<br>Годишна програма на училиштето<br>Увид од инспекциски тим | **Опфат на учениците**.<br>Училиштето има комуникација со локаланата заедница по прашањето и постои простор за уште поголема соработка.<br>**Редовност во наставата**<br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, но, не според пол, етничка припадност и социјално потекло, презема активности за подобрување на редовноста и постојано ја развива својата стратегија за подобрување на редовноста на учениците.<br>**Осипување на учениците**.<br>Испитаниците се согласуваат дека училиштето ги анализира причините за напуштање на образованието и презема конкретни активности за намалување на појавата.<br>**Премин на ученици од едно училиште во друго .**<br>Училиштето успешно ја реализира задачата при премин на учениците од едно во друго училиште. |
| **Извори: документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
| **2.3 Повторување на учениците**<br>Записници од наставнички совет на училиштето<br><br>Анализи на успехот | **Ученици што не ја завршуваат годината**.<br>Помал е бројот на ученици кои ја повторуваат годината и училиштето презема мерки за напредување на учениците, но ги запознава родителите со активностите кои ги презема.<br>Во училиштето се прават напори за надминување на појавата за повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар во училиштето.<br>Во училиштето се почитуваат законски и статутарни правила и процедури при повторување на учениците. Им се овозможува поднесување на примедби и жалби во одреден рок до Наставнички совет, кој ја разгледува, прифаќа или одбива истата. |

# *Анализа и интерпретација на резултатите од анкетите на подрачјето*

## *2.1. Постигнувања на учениците*

Од следното графичко прикажување може да се видат мислењата на наставниците и родителите во однос на прашањето дали училиштето има инструмент со кој ги следи постигнувањата на учениците по наставните предмети и класификационите периоди.







.

Во однос на прашањето пак, за постоење инструмент во училиштето за следење на постигањата на учениците според различен пол и етничка припадност, се согласиле 86% од наставниците, а 14% делумно се согласиле.

Училиштето планира и презема конкретни активности за постојано подобрување на постигнувањата на учениците, според 73% од учениците кои се согласиле со овој исказ, 23% делумно се согласиле, а 4% не се согласиле; додека пак 86% од наставниците се согласиле, а 14% делумно се согласиле со овој исказ.

Во училиштето се обезбедува поддршка во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето, според 91% од наставниците кои се согласиле со овој исказ, 9% делумно се согласиле; 79% од учениците се согласиле, 17% делумно се согласиле, 4% не се согласиле, и 82% од родителите се согласиле, 17% делумно се согласиле и 1% не се согласиле.

## *2.2 Задржување/осипување на учениците*

Училиштето има податоци за обемот на ученици од локалната заедници и има осмислени акции за вклучување на сите ученици во наставниот процес: 76% од наставниците се согласуваат; 24% наставници делумно се согласуваат.

Во однос на тоа дали училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема одредени активности, одговорите на анкетираните се гледа на следните графикони:










Училиштето ги анализира причините за напуштање на образованието и презема конкретни активности, во соработка со родителите и локалната заедница, за истото да се намали: 86% од наставниците одговориле дека се согласуваат, 14% делумно се согласуваат, и 80% од родителите се согласуваат, 15% делумно се согласуваат, а 5% не се согласуваат.

Училиштето ја почитува постапката за премин од едно во друго училиште, ги бара и ги доставува значајните информации за извршување на трансферот според сите наставници (100%), додека пак 79% ученици се согласуваат, 17% делумно се согласуваат, а 4% не се согласуваат.

### *2.3.Повторување на учениците*

Процентот на учениците што ја завршуваат годината е во постојан раст, според: 81% од наставници кои што се согласуваат со овој исказ и 14% кои делумно се согласуваат, додека 5% не се согласуваат.

Училиштето ги идентификува и анализира причините за повторувањето на учениците (според 95% од наставниците) и презема навремени мерки за намалување на нивниот број (според сите наставници и според 89% од родителите).

Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување на учениците, активностите кои се преземаат и правото за поднесување на жалба при повторување на учебната година: 95% од наставниците се согласуваат, 5% делумно се согласуваат; 83% од учениците се согласуваат, 14% делумно се согласуваат, 3% не се согласуваат, и 92% од родителите се согласуваат, 6% делумно се согласуваат, 2% не се согласуваат.

### *РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ*

***Клучни јаки страни:***

- **Континуирано следење на постигнувањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување;**
- **Развиена свест за константно подобрување на постигнувањата;**
- **Постоење на систем за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби и надарени ученици;**
- **Комуникација со локалната заедница;**
- **Следење на постигнувањата на учениците при премин од еден циклус во друг циклус на образование;**
- **Следење и анализирање на редовноста на учениците;**
- **Анализирање на мотивите за напуштање на образованието и соработката со надлежните институции;**
- **Надминување на појавата за повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар во училиштето;**

***Слаби страни:***

- **Просторни недостатоци, недостаток на адекватно греење во зимскиот период, недостаток на соодветни наставни помагала, соодветни кабинети кои би овозможиле примена на современите методи во наставата;**

- **Доработка и усовршување на конкретните постапки за подобрување на постигнувањата на учениците;**
- **Системско усовршување на човечкиот потенцијал за работа со ученици со посебни образовни потреби и ученици со тешкотии во учењето, зајакнување на поддршката на надарените ученици;**
- **Усовршување на стратегијата за задржување на учениците во образовниот процес;**
- **Мала и несуштинска присутност на родителите во севкупниот живот и работа на училиштето.**

***Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***

- **Дефинирање, изградба и реализација на конкретна стратегија за подобрување на постигнувањата на учениците, со задолжување на посебен тим во училиштето кој ќе ја следи и анализира проблематиката;**
- **Подобрување на редовноста во наставата со изградба на систем на мотивација на редовните ученици во наставниот процес и поажурно водење на педагошката евиденција поврзана со регулирањето на отсуствата на учениците;**
- **Вклучување на родителите во подобрувањето на постигнувањето на учениците во целиот воспитно-образовен процес.**

Училиштето станува сѐ повеќе атрактивно за учениците, како во економско-правната и трговска струка, така и во текстилно-кожарската струка, каде што бројот на ученици почнува да расте, додека бројот на ученици во гимназиските паралелки почнува да опаѓа, бидејќи познато е дека. гимназиски паралелки има во повеќе училишта. Просечниот успех на класовите се движи помеѓу добар, многу добар и одличен во зависност од паралелката.

# *3. Подрачје на вреднување Учење и настава*

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**3.1. Планирање на наставниците**

**3.2. Наставен процес**

**3.3. Искуства на учениците од учењето**

**3.4. Задоволување на потребите на учениците од наставата**

**3.5. Оценување како дел од наставата**

**3.6 .Известување за напредокот на учениците**

| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
|---|---|
| **3.1. Планирања на наставниците**<br>**Индивидуални планирања на наставниците**<br>Педагошка служба<br>- Наставни планови и програми од БРО, ЦСОО и МОН<br><br>- Годишни, тематски планови за реализација на наставата и оперативни планови за час, програми за дополнителна и додатна настава, програма за работа со ученици со посебни потреби | **Индивидуални планирања на наставниците**<br>За реализација на наставните планови и програми наставниците подготвуваат: годишен глобален план; тематски планирања за секоја тема; оперативни планови за час; програми за дополнителна и додатна настава; програми за работа со ученици со посебни потреби; планирање на практична настава на стручните активи.<br>Планирањата на наставниците содржат: цели и задачи на учењето; активности на часовите-интерактивни форми, методи и техники; очекувани резултати од учењето; активности во текот на часот; проверка на постигањата на учениците , констатации / евалуација на реализиран час.<br>Наставниците во своите планирања наведуваат кои наставни содржини ќе ги реализираат со примена на ИКТ во наставата.<br>Во наставните предмети наставниците вградуваат содржини од програмата ”Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем “. Избраните еко – содржини т.е. точки на акција од еко-стандардите се во голем број и се доста добро поврзани со предметите и содржините кои одговараат со возраста на учениците и овозможуваат соодветно поврзување на предметите, истражување, анализирање, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл. со што се допринесува преку нив да се поттикнат мисловните активности и да се развие еколошката свест кај учениците. Исто така, наставниците во наставните предмети вградуваат содржини и од проектот за „меѓуетничка интеграција на образованието“. Интегрираното планирање соодвествува со наставните планови и програми на БРО и ЦСОО. |
| **Поддршка и следење на планирањата на наставниците** | **Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br>Училиштето има системи за поддршка и следење на планирањата и реализацијата на наставната програма и тоа: |

| | |
|---|---|
| Директор / Педагошка служба<br>-Годишна програма на училиштето;<br><br>-Годишна програма за работа на директор;<br><br>-Годишна програма за работа на педагог;<br><br>- Протокол за следење на планирањата на наставниците;<br><br>-Дневници за работа;<br>- Програми за работа на менторите. | -годишни и тематски планирања кои наставниците на почетокот од учебната година ги доставуваат до педагошката служба; оперативни планови за час кои наставниците ги изработуваат за секој наставен час и истите се достапни на увид од страна на директорот, стручната служба и државниот просветен инспекторат;<br>-увид во дневници;<br>-посети на наставни часови од стручната служба и директор при што се користи пропишана процедура која опфаќа инструменти за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставните часови (цели на часот, активности, примена на интерактивни форми и методи, очекувани резултати од учењето, проверка на постигањата на учениците, констатации/ евалуација на реализиран час);<br>-консултативни разговори со стручната служба и сугестии за подобрување на наставата и примена на интерактивни техники и методи како и примена на ИКТ во наставата; воведување во работата на новиот наставен кадар од страна на педагог и директор; воведување во работата на наставниците-почетници од страна на менторите при што се дава целосна помош и поддршка при планирањата и реализацијата на наставните содржини како и во сите други сегменти од работата на наставниците- почетници. |
| **Размена на искуства и информации при планирањето на наставните програми**<br>- Програми за работа на секој стручен актив за учебната година;<br><br>- Извештаи од состаноци на струшните активи;<br><br>-Годишен извештај за работата на стручните активи;<br><br>-Обуки на наставниците од страна на БРО и Државен испитен центар; | **Размена на искуства и информации при планирањето на наставните програми**<br>Искуства и информации при планирањето наставниците се разменуваат на ниво на:<br>-Стручниот актив:<br>- размена на искуства за реализација на наставната програма;<br>-размена на искуства за примена на интерактивни форми и методи, примена на ИКТ во наставата;<br>- реализација на отворени часови;<br>- размена на искуства и консултации за програмите за работа со ученици кои имаат потешкотии при совладување на материјалот;<br>-размена на искуства и консултации за програмите за работа со надарени ученици и нивна подготовка за учество на натпревари;<br>-Колеги од други училишта<br>-размена на искуства за примена на интерактивни форми и методи,<br>-примена на ИКТ во наставата;<br>-размена на искуства за програмите за работа со ученици со посебни потреби и надарени ученици и нивна подготовка за учество на натпревари;<br>-Советници од БРО, ЦСОО и Државен испитен центар<br>- консултации за реализација на наставната програма;<br>- консултации за примена на интерактивни форми и методи, примена на ИКТ во наставата;<br>- консултации за подготовка на учениците за државна матура.<br>Голем дел од наставниците исто така користат интернет (web страни и форуми) за разменување на искуства и информации со колегите од соседните земји. |

| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
|---|---|
| **3.2. Наставен процес**<br>**Наставни форми и методи**<br>-Портфолија на наставници<br><br>- Оперативни планови за час<br><br>-Програми за дополнителна и додатна настава;<br><br>-Увид во дневници за реализирана дополнителна и додатна настава реализација на проекти,учество на натпревари;<br><br>-Изработени проекти од учениците (кои вклучуваат истражување , power point презентации и примена на ИКТ во наставата);<br><br>- Изработени постери од ученици на час изложени во кабинетите за настава;<br>**Избор на задачи, активности и ресурси**<br><br>-Оперативни планови за час<br><br>-нагледни средства | **Наставни форми и методи**<br>Наставниците применуваат повеќе наставни форми и методи за реализација на наставата индивидуална работа, работа во групи, кооперативно учење, истражување, power point презентации, изработка на визуелни помагала и изработка на проекти.<br>Голем дел од наставниците применуваат ИКТ во наставата, истражување од страна на учениците, часови подготвени со power point презентации , примена на информатички содржини од различни едукативни веб страници и сл.<br>Наставниците применуваат наставни форми, методи и техники за развивање на индивидуалните вештини на секој ученик.<br>Наставниците применуваат: дополнителна настава за учениците со потешкотии при совладувањето на материјалот; додатна настава за надарени ученици; учество на натпревари; учество во проекти и сл.<br>**Избор на задачи, активности и ресурси**<br>Наставниците користат различни ресурси и приоди за реализација на наставата и тоа одобрени учебници, стручна литература, интернет содржини (web страната на БРО и други web страни) поврзани со наставата, наставниците ги планираат и тие се поврзани со работата на учениците на час и се во соогласност со предвидените цели во наставата.<br>Домашни работи со избор на задачи и активности со различно ниво на сложеност со кои учениците треба да ги применат своите знаења стекнати за време на часовите;<br>Дополнителна настава - избор на задачи со различно ниво на сложеност за учениците кои имаат потешкотии при совладувањето на материјалот;<br>Додатна настава–избор на задачи со повиско тежинско ниво, подготвителни задачи за натпревари, збирки и дополнителна стручна литература.<br>Проекти од учениците кои вклучуваат истражување , power point презентации и примена на ИКТ во наставата;<br>Дел од наставниците имаат и дадени web страни со материјали од наставната програма и задачи, активности со различно ниво на сложеност.<br>Активности за примена на знаењата на учениците при посета на фирми за практична настава на учениците од стручното образование.<br>**Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br>Наставниците применуваат различни форми на интеракција со учениците со што се поттикнуваат учениците активно да учествуваат во наставата и тоа: запознавање на учениците со целите на учењето во текот на часот; индивидуална работа ; работа во групи; кооперативно учење и истражување; резимирање на знаењата стекнати во текот на часот /очекувани резултати од учењето; дискусии , дебати и реализација на проекти што се во насока на промовирање на учењето.<br>**Приодот на наставникот кон учениците**<br>Наставниците подеднакво се однесуваат кон учениците и не прават разлика помеѓу учениците според нивниот пол , социјално потекло , етничката и религиската припадност и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците . |

| | |
|---|---|
| -Програми за дополнителна настава<br><br>-Програми за додатна настава<br><br>- Web страни на наставници од училиштето<br>-Увид во дневници<br>-Изработени проекти од учениците | **Следење на наставниот процес**<br>Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес и тоа со:<br>-увид во годишните планирања на наставата , тематските и во дневните подготовки;посета на часови ( секој наставник е посетен најмалку два пати во годината од директорот и стручната служба);<br>протокли за набљудување при реализација на час; портфолио за секој наставник; соработка на наставниците со учениците и родителите ;<br>Наодите од следењето на наставниците се користат за подобрување на наставниот процес преку:<br>-стручна и методска помош во реализација на наставата ( педагог , ментор , стручен актив);<br>-отворени часови помеѓу колегите од стручниот актив , консултации и сугестии за подобрување на наставата. |
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
| **3.3. Искуства на учениците од учењето**<br>**Средина на учење**<br>-пофалници и освоени награди;<br><br>-училишно пано (слики,цртежи , експонати изработени од учениците;<br><br>-Педагошко-психолошка служба;<br><br>-Планирања на наставниците;<br><br>-Програми за дополнителна и додатна настава;<br><br>-Проекти во кои се вклучени наставниците и учениците;<br><br>-Записници од | **Средина на учење**<br>Учениците се охрабруваат активно да учествуваат во проекти и нивните трудови и презентации се изложуваат на соодветни места во училиштето.<br>- во училиштето на видно место се поставени проекти пофалници и награди освоени од учениците кои го промовирале училиштето;<br>-училишно пано (слики,цртежи, експонати изработени од учениците за време на часовите);<br>**Атмосфера за учење**<br>Учениците се охрабруваат самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во учењето и наставата преку:<br>-кооперативно учење , работа во групи и парови, активирање на пасивни ученици, пофалби , набљудување и модифицирање на наставата ;<br>-организирање на додатна настава за надарени ученици и нивно охрабрување за учество на натпревари;<br>-организирање на дополнителна настава за ученици со понизок квантум на знаења и мотивирање на истите;<br>- учество во проекти во кои се вклучени наставниците и учениците.<br>**Поттикнување на учениците за преземање на одговорност**<br>Учениците се охрабруваат да преземаат лична одговорност, самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во активности во и вон наставата, како што се: учество на регионални и државни натпревари; учество на спортски натпревари; учество во Еко проектот , активности од екологијата-еко патроли, здрава исхрана и сл.; учество на презентации на училиштето за учениците од основните училишта.<br>**Интеракција на учениците меѓусебе и со возрасните во училиштето**<br>Училиштето низ организирани форми , поттикнува,мотивира и остварува соработка меѓу учениците и наставниците во училиштето.<br>-Организација и учество на спортски натпревари по класови во рамките на училиштето; |

| | |
|---|---|
| училишна заедница.<br><br>- Соработка со невладини организации | -Организација и учество на проекти од хуманитарен карактер;<br>-Организација и натпревар Априлијада –најдобра маска;<br>-Учество на проекти со цел подигање на свеста за комуникација и ненасилно разрешување на конфликти меѓу младите;<br>-Учество во проекти со порака младите против дискриминацијата;<br>-Учество во Еко проектот со цел подигање на еко свеста кај учениците и наставниците и промовирање на нашето училиште како Еко училиште;<br>- Промовирање на училиштето на отворените денови организирани за учениците од основните училишта; |
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
| **3.4. Задоволување на потребите на учениците од наставата**<br><br>-наставни програми<br><br>-листи од изборни предмети<br><br>-листи од проектни активности<br><br>-програми за дополнителна настава<br><br>-програми за додатна настава<br>-увид во дневници | **Идентификување на образовните потреби на учениците**<br>Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците , како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат одредени активности, како што се:<br>-реализација на целите предвидени во наставните програми (начинот на кој учениците го совладуваат материјалот,стилови на учење на учениците, потешкотии при совладувањето на материјалот, посебен интерес за материјалот кој се изучува)<br>-реализација на анкети и прашалници со понудени листи од изборни предмети и проектни активности.<br>**Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br>Наставниците во процесот на поучување користат различни методи и техники со цел да им се даде можност на учениците со различни стилови на учење да го постигнат својот максимум**.**<br>- реализација на дополнителна настава за учениците со потешкотии при усвојувањето на материјалот,<br>- толерантен однос кон ученици со потешкотии во комуникацијата,<br>- реализација на додатна настава за надарени ученици,<br>- мотивирање и охрабрување на учениците за учество на натпревари,<br>- реализација на подготвителна настава и консултации за државна матура,<br>- реализација на анкети и прашалници со понудени листи од изборни предмети и проектни активности,<br>- професионална ориентација и организирани посети на факултети . |
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
| **3.5 Оценувањето како дел од наставата**<br>-Записници од наставнички совет;<br>-Записници од состаноците на стручните активи;<br>-Критериуми и стандарди за | **Училишна политика за оценување**<br>- Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на училиштето.<br>- Наставниците ги информираат учениците за начинот на работа и критериумите за оценување на почетокот од учебната година;<br>- Оценувањето е континуирано , јавно и оценката е образложена на секој ученик со факти и сугестии како ученикот да го подобри својот успех;<br>- Наставниците се стремат кон усогласување на критериумите за оценувањето на квантумот знаења на учениците почитувајќи ги критериумите и стандардите за оценување на веб страната на БРО. |

| | |
|---|---|
| оценување;<br>-Увид во педагошката евиденција и документација;<br>-Записници од состаноци на училишната заедница;<br>**-Статистики за постигнатиот успех и поведение на крајот од првото полугодие и на учебната година;** | **Методи и форми на оценување**<br>- Наставниците користат различни форми и методи за оценување со цел учениците да го постигнат својот максимум:<br>-усни одговори, наставни ливчиња, листи за аналитичко оценување и самооценување, чек листи, стандардизирани тестови и писмени работи (со повеќе тежински нивоа) , домашни работи , изработка на проекти, активност и ангажираност во текот на часот.<br>**Користење на информациите од оценувањето во наставата**<br>- Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за:<br>- Евалуација и подобрување на планирањето и спроведувањето на наставата,<br>- Дефинирање на идни активности што ќе ги применуваат при реализација на наставата,<br>Разгледување на приодите на оценување на квантумот знаења на учениците. |
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
| **3.6. Известување за напредокот на учениците**<br>- Распоред на приемни денови за сите наставници<br><br>-Увид во педагошка евиденција и документација<br><br>- Записници од родителски средби | **Известување на родителите за напредокот на учениците**<br>Училиштето има утврден однос за известување на родителите за напредокот на учениците и тоа:<br>-конкретна повратна иформација за оценката на ученикот;<br>-препораки за подобрување на постигањата и успехот на ученикот;<br>-препораки за посетување на дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот;<br>-распоред со приемни денови за сите наставници во училиштето;<br>-редовни родителски средби;<br>-известување на родителите за успехот и поведението на нивното дете со евидентни листови;<br>-пристап до електронски дневник;<br>-педагошко-психолошка служба, која е подготвена во секој момент за соработка како со родителите, така и со учениците. |

## *Анализа и интерпретација на резултатите од анкетите на подрачјето*

### *3.1. Планирање на наставниците*

На прашањето дали изготвуваат планирања за реализација на наставните програми и планови, 100% од наставниците одговориле позитивно и ги навеле годишните, тематските планови, оперативните планови за час и програмата за работа на активи.

Исто така, најголем дел од наставниците - 95% се изјасниле дека плановите за реализација на годишните, тематските и оперативните планови ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на наставата (поточно содржат јасни

насоки што се очекува од учениците да научат, очекуваните резултати од учењето и начинот на оценување на учениците), а само 5% од наставниците се изјасниле дека плановите за реализација на наставата делумно содржат елементи за успешна реализација на час.

90% од наставниците се изјасниле дека при планирањето на наставата (материјали, интерактивни методи, примена на ИКТ во наставата) разменуваат искуства во рамките на стручниот актив, 5% од наставниците се изјасниле дека делумно разменуваат искуства во рамките на стручниот актив, додека 5% негативно одговориле на овој исказ.

### *3.2. Наставен процес*

Во однос на наставниот процес, 95% од наставниците и 80% од родителите сметаат дека во наставата се користат разновидни форми и методи со цел да им помогнат на учениците да ги постигнат предвидените цели во наставата.

83% од учениците се согласиле дека наставниците применуваат интерактивни методи (прашања, дискусии, работи во групи) кои поттикнуваат соработка помеѓу учениците, 13% делумно се согласиле, 4% не се согласиле; 95% од наставниците се согласиле дека применуваат интерактивни методи (прашања, дискусии, работи во групи) кои поттикнуваат соработка помеѓу учениците, 5% делумно се согласиле, додека пак 82% од родителите се согласиле, 17% делумно се согласиле и 1% не се согласиле со истото тврдење.

Во однос на прашањето, дали се користат различни материјали (учебници, збирки, речници, интернет) во наставата за мотивирање на учениците да учат и побудување на интерес кон темите што се изучуваат, се согласуваат 91% од наставниците, 84% од учениците и 88% од родителите.

На следниот графикон се прикажани одговорите на испитаниците во однос на прашањето, дали наставниците во текот на часот ги поттикнуваат и мотивираат учениците на активно учество:










100% од наставниците, 87% од учениците и 86% од родителите сметаат дека наставниците се однесуваат кон учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање; 9% од учениците и 12% од родителите делумно се согласуваат, додека пак 4% од учениците и 2% од родителите не се согласуваат со дадениот исказ.

### *3.3. Искуства на учениците од учењето*

Во однос на прашањето, дали наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат, 95% од наставниците се согласуваат со овој исказ, 5% делумно се согласуваат, додека пак 89% од родителите се согласуваат, а 11% делумно се согласуваат.

91% од наставниците, 79% од учениците и 83% од родителите се согласуваат дека учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето, 9% од наставниците, 17% од учениците и 12% од родителите делумно се согласуваат, а 5% од родителите и 4% од учениците не се согласуваат.

### *3.4. Задоволување на потребите на учениците*

Најголем дел од наставниците (95% од испитаниците) сметаат дека училиштето навремено ги идентификува сите пречки (слаба работна атмосфера, недостаток на учебници, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање и сл.) и презема активности за нивно отстранување. Со овој исказ се согласуваат 83% од родителите, што е прикажано на следниот графикон:







91% од наставниците се согласуваат, а 9% делумно се согласуваат со тврдењето дека образовните потреби на учениците (надарени ученици, ученици со пречки во развојот) се идентификуваат од страна на наставниот кадар и стручната служба и се преземаат активности за остварување или отстранување на истите.

На првите три графикони се прикажани одговорите на анкетираните наставници, родители и ученици во однос на исказот дека наставниците ги охрабруваат учениците со потешкотии при совладувањето на материјалот да посетуваат дополнителна настава, а на другите три одговорите во однос на тврдењето дека наставниците работат со талентираните ученици и ги поттикнуваат да посетуваат додатна настава и да учествуваат на регионални и државни натпревари:


Охрабрување за посета на дополнителна настава
100%
80%
60%
40%
20%
0%
91%
5%
4%
одговори на наставници:
се согласувам
делумно се согласувам
не се сгласувам


Охрабрување за посета на дополнителна настава
100%
80%
60%
40%
20%
0%
77%
17%
6%
одговори на родители:
се согласувам
делумно се согласувам
не се сгласувам


Охрабрување за посета на дополнителна настава
100%
80%
60%
40%
20%
0%
79%
17%
4%
одговори на ученици:
се согласувам
делумно се согласувам
не се сгласувам


Охрабрување за посета на додатна настава
100%
80%
60%
40%
20%
0%
100%
одговори на наставници:
се согласувам
делумно се согласувам
не се сгласувам


Охрабрување за посета на додатна настава
100%
80%
60%
40%
20%
0%
86%
12%
2%
одговори на родители:
се согласувам
делумно се согласувам
не се сгласувам




### *3.5. Оценувањето како дел од наставата*

81% од наставниците сметаат дека имаат усогласени критериуми за оценување со кои се запознаени и учениците и родителите, додека 19% делумно се согласуваат.

100% од наставниците сметаат дека користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците, додека 83% од учениците и 88% од родителите се согласуваат со истото.

На следниот графикон се прикажани одговорите на наставниците дека ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата:



### *3.6. Известување за напредокот на учениците*

Во однос на прашањето, „во текот на наставниот процес им давате повратна информација на учениците за нивната работа, напредок и постигнувања“ се согласуваат 100% од наставниците и 87% од учениците, додека 4% од учениците делумно се согласуваат и 9% од нив не се согласуваат со исказот.

91% од наставниците се согласуваат, 5% делумно се согласуваат и 4% не се согласуваат дека, даваат конкретна повратна информација на родителите за постигнувањата на ученикот, начинот и критериумите на оценување како и препораки како детето да го постигне својот максимум, 85% од родителите се согласуваат со овој исказ, 14% делумно се согласуваат, а 1% не се согласуваат.

100% од наставниците сметаат дека при оценувањето им посочуваат на учениците како да да ја подобрат својата работа и успех.

Сите родители, односно 100% се согласиле дека наставниците се секогаш достапни за разговор за време на своите приемни денови и 100% од наставниците исто така се согласиле со истиот исказ.

90% од родителите се изјасниле дека родителските средби се добро организирани, корисни и класните раководители јасно ги пренесуваат информацииите.

На следниот графикон се прикажани одговорите на родителите за начинот на кој се информираат за напредокот на нивните деца – преку евидентни листови и директна комуникација со класниот раководител и предметните наставници, или преку електронскиот дневник.






***РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ***

***Клучни јаки страни:***

- **Навремено изготвување на годишни глобални и тематски планирања, како и дневни подготовки од страна на наставниците.**
- **Високо мотивирани и едуцирани наставници отворени за усовршување и унапредување на наставата.**
- **Редовно учество на вонучилишни активности, семинари, предавања и проекти.**
- **Успешност на многубројни натпревари каде учениците се докажале како успешни со освојување на награди.**
- **Мотивираност на наставниците за меѓусебна соработка и помош за надминување на проблемите во и околу наставата и наставниот процес воопшто.**
- **Примена на различни форми и методи во наставниот процес.**
- **Примена на различни форми и методи на оценување.**
- **Подготвеност на наставниците за приспособување на наставните содржини спрема способностите и потребите на учениците.**
- **Подеднаков третман на учениците според пол и етнички состав.**
- **Практична примена на стекнатите знаења на учениците.**
- **Позитивен и професионален однос кон учениците и родителите.**
- **Соработка со родителите и давање информации за напредокот на нивните деца.**
- **Развивање на иницијативност за меѓусебна соработка и помош , заедничко дружење и надминување на верски , национални , социјални бариери.**
- **Резултати на учениците на Државната матура.**

***Слаби страни:***

- **Недоволна опременост на кабинетите.**
- **Училницата како мотивирачка средина за учење на учениците.**
- **Делумна примена на наставни форми, методи и техники на работа, градење на лични ставови и можности за нивно презентирање.**
- **Анимирање на учениците за продлабочувања на знаењата преку истражувања и проекти .**

***Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***

- **Примена на интерактивни методи и ИКТ во наставата со цел да се подобри средината на учење која учениците треба да ја доживуваат како мотивирачка средина , а начинот на кој се учи интересен.**
- **Подобрување на интерактивната настава.**
- **Опремување на кабинетите со наставни средства.**
- **Можност за усовршување и едукација на наставниот кадар.**

Од досега изложеното може да се види дека училиштето ги обезбедува наставните планови и програми врз основа на кои наставниците навремено изготвуваат годишни глобални и тематски планови, како и дневни подготовки. Наставниците се организираат во стручни активи каде што ги разменуваат искуствата. Во наставниот процес наставниците применуваат различни форми и методи на работа. Изработените трудови (истражувачки проекти) од учениците се изложуваат на паноа или во кабинети. На наставниците им се дава целосна поддршка за прилагодување на наставните содржини според можностите и потребите на учениците. Наставниците обезбедуваат учество на учениците во различни активности (спортски натпревари и натпревари организирани по други предмети на локално, регионално и републичко ниво). Наставниците користат разни форми и методи на оценување. Наставниците и училиштето ги информираат родителите за напредокот на своите деца преку родителски средби, индивидуална посета, совет на родители, евидентни листови, електронска пошта, електронски дневник и свидетелства.

## *4. Подрачје на вреднување Поддршка на учениците*

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**4.1. Севкупна грижа за учениците**

**4.2. Здравјето и пост-конфликтните трауми**

**4.3. Советодавна помош на учениците**

**4.4. Следење на напредокот**

| **Извори: документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
|---|---|
| **4.1. Севкупна грижа за учениците**<br><br>Програма за работа на директорот<br><br>Програма за работа на стручната служба<br><br>Куќен ред од Статусот на училиштето<br><br>Кодекс за однесување<br><br>Записници од разговори со ученици и родители<br><br>Записници од педагошката служба<br><br>Записници од пошиси за инвентарот на училиштето<br><br>Увид во просторните капацитети<br><br>Увид на наставен час | **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>Училишниот простор е реконструиран во текот на 2021/2022 год. и е безбеден за изведување на настава и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците.<br>Секојдневните дежурства на наставниците за време на одморите уште повеќе ја зајакнуваат грижата за учениците. Дежурните наставници во смена определени од директорот се грижат за редот и дисциплината во училиштето. Редовни дежурства на двајца ученици во смена определени од класниот раководител кои вршат легитимација и евидентирање, запишување на надворешни лица кои влегуваат во училиштето, а воедно се грижат за навремено започнување и завршување на часовите според утврдениот распоред на училиштето. Воедно имаат и обврска да ги информираат дежурните наставници за моментални проблеми ако се јават за време на нивното дежурство.<br>Учениците од страна на наставниците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност.<br>Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на наставниците и учениците кон кој е договорено сите да се придржуваат. Кодексот е истакнат на видно место во училиштето каде што може секој да го прочита.<br>Сите ученици се осигурани во агенција за осигурување – „Винер - Виена Иншуренс груп АД Скопје“.<br>**Превенција од насилство**<br>Класните раководители ги информираат учениците дека во училиштето од педагошко-психолошката служба покрај советодавна работа можат да добијат помош и преку реализирање работилници на кои се третираат актуелни теми – другарство, хуманост, решавање конфликти, насилство, омраза и сл.<br>**Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>Училиштето има политика за заштита од пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. Со реализацијата на воспитната компонента (на часот на одд.заедница и преку работилници од стручни лица) учениците редовно се едуцираат како да се заштитат од современите пороци и се анкетираат за да се утврди нивниот став по тие теми. Вклученоста на локалната заедница на ова поле уште повеќе ја зајакнува соработката со училиштето.<br>**Квалитет на достапна храна**<br>Во училиштето се спроведува постојана едукација на учениците за консумирање здрава храна во рамките на редовните наставни содржини и проектот за “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”.<br>**Поддршка на учениците со посебни потреби**<br>Поддршката на учениците со посебни потреби се идентификува во изградбата на посебна пристапна рампа во училиштето. Исто така, наставниците овозможуваат индивидуализиран пристап во наставата и имаат посебни индивидуални планирања за работа со овие ученици.<br>**Грижа за ученици од социјално загрозени семејства**<br>На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува особено внимателно, со цел да не се повреди нивната личност, а кон истите се преземаат соодветни активности за санирање или ублажување на нивната состојба. Овие активности најчесто се на ниво на класните заедници, психолошко-педагошката служба и разни хуманитерни акции во рамките на воннаставни активности. |

| **Извори: документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
|---|---|
| **4.2. Здравјето на учениците**<br><br>Записници од надлежни органи во училиштето за хигиена<br><br>Куќниот ред на училиштето<br><br>Правилник за организација и систематизација на работите и работните задачи<br><br>Програма за превенција од заразни болести<br><br>Извештаи од систематски прегледи | **Хигиена и заштита од болести**<br>Хигиената во училиштето е на високо ниво.<br>Тоалетите за наставниците и учениците се чисти и редовно дезинфицирани.<br>Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена.<br>Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот (пред почетокот на секоја смена и на крајот на денот).<br>Останатиот училишен простор се чисти еднаш во денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чисти два пати во секое полугодие – задолжително на секој распуст.<br>Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се посадени со трева и редовно се одржуваат.<br>Во текот на учебната година се реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња и друг отпад што може да се рециклира.<br>**Грижа за ученици со здравствени проблеми**<br>Секоја учебна година редовно се вршат систематски прегледи на учениците и наставниците.<br>Исто така редовно се вакцинираат учениците според календарот за вакцинирање.<br>Училиштето има политика за постапување при појава на заразна болест. Во тој случај хигиената ја одржува на највисоко ниво и води редовна евиденција за отсуствата на учениците.<br>При користење на машини (на часовите по практична настава) со кои располага училиштето се врши редовна проверка на нивната исправност, правилно користење на нагледните средства и помагала, користење на заштитни хигиено-технички средства, а со постојано присуство и надзор на задолжените наставници. |

| **Извори: документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
|---|---|
| **4.3. Советодавна помош на учениците**<br><br>Записници од родителски средби<br><br>Анкетирање на учениците и родителите<br><br>Предавања од високо | **Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br>Во согласност со Програмата за професионално ориентирање и информирање на учениците и Програмата за работа на одделенските часови се реализираат следните активности: предавање за учениците и за родителите од страна на одделенските раководители и педагогот на училиштето, индивидуално информирање на родителите и учениците, посета на факултети, информации со печатени материјали и анкетирање на учениците. Учениците се во можност да ги проследат и презентациите на факултетите и нивните програми, како и самите да учествуваат на нивните отворени денови заедно со своите класни раководители и предметни наставници. Во училиштето редовно се спроведуваат консултации за професионална ориентација кај учениците од завршните години.<br>Во изборот на нивното понатамошно образование, училиштето им помага на учениците, така што ги информира за мрежата на високо-образовни институции во |

| | |
|---|---|
| образовни институции<br><br><br>Програма за работа на класни часови<br><br><br><br><br><br><br>Советодавна работа со родители на ученици со над 100 оправдани изостаноци и 3 слаби оценки (училишен психолог) | Републиката и условите за упис на истите, им овозможува директна средба со претставници на овие институции кои вршат презентација на своите програми. Учениците преку класните раководители и педагогот учат за изборот на понатамошното образование.<br>**Грижа за ученици со емоционални потешкотии и поддршка на менталното здравје**<br>Преку работата на Советот на родители, родителските средби и на одделенските часови, родителите и учениците се запознават со постоењето на стручна служба во училиштето и за видот на помошта која можат да ја добијат како советодавна работа со учениците при изборот за учество во слободни активности, дополнителна, додатната и факултативната настава, советодавна работа со учениците кои покажуваат асоцијално однесување, нередовност и слаб успех, советодавна работа со родителите чии деца побрзо напредуваат, или пак имаат проблеми во учењето, редовноста и дисциплината, учество во организација на активности од страна на родителите преку стручни предавања и сл.<br>За состојбата со учениците со евентуални емоционални потешкотии кои се манифестираат преку намалување на успехот и поведението, нередовност во наставата, проблеми во социјализацијата и сл., покрај одделенските раководители е информирана и стручната служба (педагог и директор), кои работат тимски за отстранување на евентуалните проблеми на учениците. Со овие ученици се работи индивидуално или во група, а по потреба се вклучуваат и родителите. |
| **Извори: документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
| **4.4. Следење на напредокот**<br><br>Главни книги<br><br><br>Записници од родителски средби<br><br><br><br>Записници од состаноци на Наставничките совети на паралелката<br><br><br>Свидетелства | **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења (преку континуирано оценување – формативно и сумативно), присутност (редовно евидентирање на присутноста), нивното поведение (непосредно набљудување) и евиденција на изречени воспитни мерки. Ваквата евиденција им е достапна на сите наставници, родители и ученици.<br>Следењето на напредокот на учениците е евидентирано во дневникот на паралелката. Родителите редовно најмалку 4 пати годишно се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби или на индивидуални средби – на отворениот ден на предметниот професор. Напредокот на учениците се бележи и во евидентни листови за секое тромесечие, како и во електронскиот дневник од кој податоците се достапни и се добиваат и на е-маил адресата на родител/старател, или преку СМС порака .<br>На крај на годината учениците добиваат свидетелство за постигнатиот успех.<br>Класните раководители на крајот на секое тромесечие и полугодие поднесуваат извештај за постигањата на паралелката. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на класните часови, а родителите на родителски средби.<br>**Анализа на напредокот на учениците по паралелки**<br>Стручната служба редовно изготвува тримесечни и полугодишни извештаи за напредокот на учениците и паралелките, според податоците добиени од класните раководители, а на наставничките совети се прави анализа на постигањата на учениците по паралелки и се предлагаат мерки за подобрување на истите.<br>Учениците кои постигнуваат забележителни резултати и освојуваат награди на државни натпревари се наградуваат со диплома и пригодна награда од училиштето. |

| | |
|---|---|
| Закон за средно образование<br><br>Евидентни листови за следење на успехот и поведението во текот на наставната година по квартали | Изборот на ученик на генерацијата, кој се прогласува на крајот на IV година, се врши со однапред прецизно утврдени критериуми за избор на најдобриот ученик. Најдобриот ученик се избира од страна на комисија, која е во состав на наставници кои претходно се избрани на Наставнички совет.<br>Врз основа на резултатите од евиденцијата се согледуваат слабостите и потешкотиите на кои наидуваат учениците и се преземаат соодветни стратегии за надминување на истите. Учениците се запознаваат со резултатите и успехот на ниво на паралелката и генерацијата, со што се стимулираат кон постигнување подобри резултати.<br>Согласно законот за средно образование за учениците кои преминуваат во други училишта, училиштето доставува преведница на училиштето во кое преминал ученикот. Исти такви податоци училиштето добива од она училиште од кое доаѓа ученик. |

## *Анализа и интерпретација на резултатите од анкетите на подрачјето*

### *4.1. Севкупна грижа за учениците*

Учениците со 92% се изјасниле дека просторот во кој учат е безбеден за изведување настава. На истиот исказ потврдно одговориле 100% наставници и 89% родители.

Во однос на прашањето за компетентноста и обученоста на наставниците за прва помош, 52% од наставниците сметаат дека се обучени, 38% се делумно обучени, а 10% од наставниците сметаат дека воопшто не се обучени за прва помош.

91% од учениците се согласуваат дека во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците. Со овој исказ се согласуваат 89% од родителите и 100% од наставниците.

Исто така, најголем дел од наставниците (95% од испитаниците) се согласуваат дека, вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им пристапуваат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Со овој исказ се согласуваат и родителите:




Што се однесува до условите што ги нуди училиштето на учениците со телесни пречки во развојот, 91% од наставниците и 81% од родителите сметаат дека пристапот во училиштето е прилагоден за нив, а пак дека просторот во ходниците и тоалетите овозможуваат нивно движење сметаат 86% од наставниците, 73% од учениците и 87% од родителите.

### *4.2. Здравјето и пост-конфликтните трауми*

Во ова подрачје, поголем дел од учениците сметаат дека во училиштето се води доволно грижа за хигиената и здравјето на учениците. Овој процент е висок и кај родителите (86%), и кај наставниците (76%), и кај учениците (73%).

Во училиштето се посветува доволно внимание на кампањи за здрава храна и квалитет на храна која е достапна, со што се согласуваат 61% од учениците, 53% од наставниците и 68% од родителите.

Висок процент на одговори кај сите испитаници се гледа во констатацијата дека на учениците им е потребна соодветна програма за подигнување на здравствената култура и хигиена која би ја организирале соодветни лица. Во полза на оваа констатација се изјасниле 60% од учениците, 62% од наставници и 84% од родителите.

### *4.3. Советодавна помош на учениците*

Во однос на емоционалната помош и поддршка од стручната служба на училиштето, учениците сметаат дека се чувствуваат пријатно и слободно да

разговараат за своите проблеми со што се согласуваат 88% од анкетираните ученици, 10% од нив делумно се согласуваат, а 2% не се согласуваат.

Поголем број од учениците (83%) се согласуваат дека се доволно информирани и можат да се обратат до наставниците за помош во однос на разговор и советување, изработка на биографија, професионално усовршување и сл. Приближен процент се забележува кај наставниците (95%) и родителите (81%) кои сметаат дека нивните деца ја имаат потребната помош и поддршка.

Исто така, од одговорите на прашалниците, може да се констатира дека испитаниците се задоволни од работата на стручната служба, т.е. со својата континуирана работа се труди да ги надмине проблемите кои ги имаат учениците: 97% од учениците, 90% од родителите и 95% од наставниците.

### *4.4. Следење на напредокот*

91% од наставниците, 93% од учениците и 92% од родителите се согласуваат дека, наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците.

Во евиденцијата на наставниците се става акцент на добрите и слабите страни, како и развојните потенцијали на учениците, со што се согласуваат 91% од наставниците.

Во однос на исказот за соработката меѓу стручната служба, учениците, родителите и наставниците, 95% од наставниците, 86% од родителите и 86% од учениците се согласуваат дека постои добра соработка:









Во училиштето се води анализа на севкупниот успех на учениците по паралелки врз основа на индивидуалните извештаи за учениците, а резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. Изготвените анализи и извештаи за постигањата и напредокот на учениците по паралелки се достапни на увид на учениците. Со овие констатации се согласуваат 86% наставници и 84% родители.

### *РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ*

| *Клучни јаки страни:* |
|---|
| • **Севкупна грижа за сите ученици подеднакво без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност;** |
| • **Безбедноста и хигиената во училиштето и грижата за здравјето на учлениците;** |
| • **Максимално користење на сите форми на заштита на учениците, органзирани дежурства на наставниците и учениците за време на наставата;** |
| • **Максимална организирана соработка на наставниците со учениците, стручната служба и родителите;** |
| • **Редовно следење на здравствената состојба на учениците преку организирање на систематски прегледи од страна на училиштето и соработка со здравствени установи;** |
| • **Се обрнува внимание на кампањи за здрава храна и квалитет на храна која е достапна;** |
| • **Добра соработка и комуникација на наставниците со учениците кои имаат здравствени проблеми;** |
| • **Добро и редовно информирање и насочување на учениците за професионалната ориентација (сите видови на понатамошно образование или вработување);** |
| • **Добра соработка со високообразовните установи;** |
| • **Континуирано следење на напредокот на учениците и евидентирање на сите резултати на учениците и нивни постигнувања;** |

- **Редовно ажурирање на изостаноците и навремено известување на родителите и преземање на соодветни педагошки мерки;**
- **Достапност на евидниција која се води за учениците;**
- **Добра соработка со родителите на учениците**

***Слаби страни:***

- **Непостоење на модифицирани наставни планови и програми за работа со ученици со посебни образовни потреби;**
- **Недостапност на соодветна стручна литература за работа со деца со посебни потреби;**
- **Несоодветни просторни услови за децата со посебни потреби;**
- **Некомплетна педагошко-психолошка служба – нема психолог и дефектолог во училиштето;**
- **Стратегија за подигање на свеста кај учениците за одржување на хигиената во училиштето .**

***Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***

- **Комплетирање на педагошко-психолошката служба;**
- **Подобрување на просторните и хигиенските услови;**
- **Подигање на општото ниво на здравствена култура кај учениците;**
- **Организирање на различни обуки на наставниците за нивно стручно усовршување, како и обуки за работа со ученици со посебни потреби;**

Во училиштето, посебно се посветува внимание на здравствената и емоционалната состојба на учениците, без разлика на полот, етничката и социјалната структура. Сево ова се реализира преку соработката на целиот наставен кадар и стручната служба со учениците. Педагогот и класните раководители индивидуално работат со учениците кои имаат потреба од поддршка во однос на учењето и редовноста. Редовно ажурирање на изостаноците и преземање на соодветни педагошки мерки, како и информирање и соработка со родителите. Осигурување на учениците и грижа за безбедноста во училиштето. На учениците кои имаат проблеми со здравјето им се овозможува помош од предметните професори и останатите ученици. Секоја учебна година сите ученици се осигуруваат од повреди во Агенцијата за осигурување „Винер - Виена Иншуренс груп АД Скопје“. Во училиштето, со цел да се подобри безбедноста на учениците, се реализираат дежурства од учениците на влезната врата, како и дежурства од наставниците за време на одморите. Постои континуирана соработка со родителите, коишто редовно се известуваат за напредокот на учениците, а на тој начин и се влијае на учениците за подобрување на успехот и редовноста во училиштето.

# 5. Подрачје на вреднување УЧИЛИШНА КЛИМА

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**5.1. Училишна клима и односи во училиштето**

**5.2. Промовирање на постигањата**

**5.3. Еднаквост и правичност**

**5.4 .Партнерски однос со родителите со локалната и деловната заедница**

| **Извори: документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
|---|---|
| **5.1 Училишна клима и односи во училиштето:**<br>-Куќен ред на училиштето<br><br>-Кодекс на однесување на учениците и наставниците<br><br>-Упатство за начинот на изрекување на педагошки мерки за учениците<br><br>-Правилник за оценување и напредување на учениците<br><br>-Статут на училиштето | **Углед/имиџ на училиштето**<br>Училиштето поседува куќен ред кој е истакнат во наставничка канцеларија и во училниците.<br>**Кодекс на однесување**<br>Училиштето поседува Кодекс на однесување за учениците и наставниците и со него се запознаени сите структури во училиштето.<br>**Училишна клима**<br>Во училиштето владее позитивна клима како резултат на континуираната соработка помеѓу наставниците, наставниците и учениците, родителите со наставниците и раководниот кадар, поттикнувањето на другарството и соживотот помеѓу учениците.<br>**Поведение и дисциплина во училиштето**<br>Раководителите на паралелките го применуваат Правилникот за изрекување педагошки мерки. Раководителите на паралелките ги изрекуваат навремено и постапно педагошките мерки. Педагошките мерки се запишани во дневник, има записници во досието на ученикот.<br>Училиштето има правилник за оценувањето, напредувањето, полагањето на испити на учениците. Поголемиот број од родителите сметаат дека Училиштето соодветно го применува Правилникот.<br>Постои педагошка евиденција за изречени педагошки мерки во досиеата на учениците.<br>**Училиштето поседува Статут** кој се применува соодветно. |
| **Извори: документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
| **5.2. Промовирање на постигањата**<br>-Годишна програма за работа на училиштето | **Промовирање на личните постигања на учениците**<br>Има изложени трудови од ученици на училишните паноа во училиштето, на sидовите по ходниците и во училниците.<br>На паноата исто така, има истакнато пофалници, дипломи и признанија од |

| | |
|---|---|
| -Изложени трудови на учениците<br><br>-Медиумско промовирање на постигањата на учениците | учество на натпревари и манифестации.<br>**Промовирање на постигањата во име на училиштето**<br>Училиштето има Годишна програма за работа, во неа се внесени постигнатите резултати од натпреварите за секој предмет посебно.<br>Училиштето во изминатиов период редовно вршеше медиумско промовирање на постигањата на учениците и афирмација на училиштето и тоа преку социјалните мрежи, веб страната на училиштето, промотивни кампањи како „Отворен ден“ и учество во телевизиски емисии. |
| **Извори: документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
| **5.3 Еднаквост и правичност**<br><br>-Брошура за правата и одговорностите на ученикот во училиштето од МОН<br><br>-Дневник за работа на стручната служба<br><br>-Педагошка евиденција во однос на вклученост на учениците во воннаставни активности<br><br>-Евиденција за структура на паралелките | **Познавање на правата на децата**<br>Училиштето ги информира учениците за сите акти, брошури и друг материјал во кои се промовираат правата на децата и човековите права.<br>Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.<br>Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.<br>**Еднаков и правичен третман на сите ученици**<br>Училиштето во соработка со локалната заедница во изминативе години спроведува проект за ненасилство и недискриминација.<br>Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да препознаат случаи на нивно нарушување во пракса. Училиштето ги запознава учениците со нивните права и им овозможува да ги практикуваат.<br>Во училиштето се образуваат ученици од гимназиско и стручно образование кои имаат еднаков и правичен третман . Постои педагошка евиденција за структурата на паралелките по пол и етничка припадност.<br>**Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**<br>Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Веќе неколку години училиштето учествува во проектот за меѓуетничка интеграција на образованието. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција, како и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. С. Македонија, без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето организира заеднички наставни и/или воннаставни активности наменети за културно- јазични мешани групи и ги користи сите други |

<table>
<tr><td></td><td>можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.</td></tr>
<tr><td>Извори: документи кои се прегледани.</td><td>Добиени информации</td></tr>
<tr><td>5.4. Партнерски однос со родителите и деловната заедница<br><br>-Извештај за работа на училиштето<br><br>-Записници од совет на родители и родителски средби<br><br>-Записници и одлуки од состаноци од Училишниот одбор<br><br>-Педагошка евиденција и документација за општествено корисна работа, за јавно културна дејност<br><br>-Извештаи од</td><td>Соработка на училиштето со родителите<br>Училиштето изготвува полугодишни и годишни извештаи за работата и анализа на успехот по години и струки.<br>Наставничкиот совет на училиштето ги одржува редовните состаноци на кои се разгледува успехот по години и струки, редовноста и дисциплината на учениците. Се изрекуваат педагошки мерки, пофалби за учениците како и предлог мерки за надминување на одредени проблеми поврзани со подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на учениците.<br>На состаноците воедно се разгледуваат и извештаите за работата на училиштето, годишната програма, правилниците, измените во законот за средно образование, молбите, разни информации за актуелни ситуации и слично. Од состаноците се водат записници.<br>Соработката со советот на родители се одвива континуирано во текот на целиот период.Родителите се директно запознаени и вклучени во сите активности на училиштето. Советот на родители разгледува прашањата од работата на училиштето, го разгледува успехот, редовноста, соработува со директорот, наставниците,педагогот и психологот, учествува во организација на екскурзиите, донесува одлуки итн.<br>Годишно се одржуваат неколку состаноци на Совети на родители како и родителски средби кои редовно и вонредно се одржуваат во текот на учебната година. Од состаноците на Советот на родители и родителските средби се водат записници.<br>Училишниот одбор на училиштето се состанува по потреба и донесува одлуки поврзани со училиштето и неговата работа. Од состаноците на Училишниот одбор се водат записници.<br>Соработка со локалната заедница<br>Педагошка евиденција и документација за општествено корисна работа, за јавно културна дејност се води во дневниците за работа.<br>Евидентирани се следниве соработки:<br>Училиштето во текот на учебната година реализира соработка со средни и основни училишта преку учество на заеднички натпревари.<br>Соработка со градинките преку проектот Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем.<br>Во повеќе основни училишта наставниците реализираат презентации на гимназиското и стручното образование, пред крајот на учебната година за промоција на училиштето за уписи.<br>Училиштето континуирано соработува со МОН, Секторот за образование на Град Скопје, БРО и ЦСОО.<br>Наставниците земаат учество на разни обуки и семинари.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| работата со деловната заедница и невладиниот сектор | **Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор**<br>Соработка со невладини организации, веќе неколку години се реализира проектот "Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем " со цел подигање на еколошката свест кај младите.<br>Учениците и наставниците се вклучени во разни проекти, натпревари, работилници, спортски натпревари и сл.<br>Во училиштето претставници од факултетите одржуваат презентации за Наставните планови и условите за запишување на идните студенти<br>Соработка со Здравствен дом – Ѓорче Петров - Скопје<br>Извршени се систематски прегледи и вакцинации |
| -Извештаи од работата со деловната заедница и невладиниот сектор | Обучувачи од "Црвен крст" – Карпош редовно одржуваат предавање на тема: „Последици од алкохол, дрога и цигари", обуки за прва помош за училишниот тим на Црвен крст и организација на хуманитарни и крводарителски акции<br>Соработка со МВР Ѓорче Петров - Скопје<br>Соработка со Македонско еколошко друштво<br>Соработка со театри, медиуми, МКЦ, училишта и др.институции<br>Посета на театарски претстави и кинотека<br>Соработка со музеи<br>Посета на "Музејот на македонската борба за државност и самостојност"<br>Посета на комплекс музеи на Р.Македонија- изложба на фотографии од меѓународен ликовен конкурс на тема "Културното наследство од Балканксите земји"<br>Посета на Музејот на холокаустот<br>Посета на "Спомен куќата на Мајка Тереза" |
| -Увид во веб страната на училиштето | Постои веб страна на училиштето, фб страна, кои одлично функционираат, редовно ги известуваат учениците за новонастанатите ситуации и го промовираат училиштето. |

## *Анализа и интерпретација на резултатите од анкетите на подрачјето*

### *5.1. Училишна клима и односи во училиштето*

Училишната клима и односите во училиштето се многу важни како за учениците и наставниците, така и за родителите, бидејќи секој родител посакува своето дете да се чувствува пријатно во училиштето.

При анализа на резултатите од анкетите, во однос на ова подрачје, добиени се следните одговори:

81% од родителите сметаат дека нивните деца во училиштето се чувствуваат среќни и задоволни, а 19% делумно се согласуваат, додека пак 81% од учениците се

изјасниле дека во училиштето се чувствуваат пријатно, 10% делумно се согласуваат, и 9% не се согласуваат.

79% од родителите сметаат дека училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, 18% делумно се согласуваат, а 3% не се согласуваат.

96% од анкетираните ученици и 78% од анкетираните родители одговориле дека се запознати со правилата на однесување и куќниот ред на училиштето.

96% од родителите сметаат дека Правилникот за изрекување на педагошки мерки се применува соодветно, 3 % делумно се согласуваат, а 1% не се согласуваат со тоа.

На следните графикони се претставени мислењата на учениците во однос на прашањето дали наставниците се отворени за соработка и комуникација со нив, при што ги поттикнуваат учениците слободно да ги искажуваат своите ставови:







82% од учениците се согласуваат дека наставникот овозможува позитивна, поттикнувачка срдечна работна атмосфера, додека пак 100% од наставниците се согласуваат по однос на истиот исказ.

### *5.2. Промовирање на постигањата*

Во однос на прашањето каква е грижата на училиштето за постигнувањата на учениците, 82% од учениците се согласуваат дека училиштето води грижа за постигањата на учениците, 16% делумно се согласуваат, а 2% не се согласуваат.

Исто така, 86% од учениците се согласуваат дека во училиштето им се овозможува на учениците да ги изразат своите креативни способности, 10% делумно се согласуваат, а 4% од нив не се согласуваат.

80% од учениците се согласуваат дека се пофалуваат позитивните постапки и успехот на учениците, 17% делумно се согласуваат, а 3% не се согласуваат .

91% од учениците и 86% од родителите се согласиле дека, кога имаат проблем знаат на кого од училиштето да му се обратат, 5% од учениците и 11% од родителите делумно се согласуваат, а 4% од учениците и 3% од родителите не се согласуваат.

### *5.3 Еднаквост и правичност*

81% од анкетираните ученици се изјасниле дека ги знаат своите права и обврски во училиштето, додека 10% делумно се запознати со истите, а 9% се изјасниле негативно.

84% од родителите се согласуваат дека во училиштето се почитуваат правата на учениците, 14% делумно се согласуваат, додека 2% не се согласуваат.

Со исказот дека, на училиште ги учат да бидат одговорни за своите постапки се согласуваат 86% од анкетираните ученици, додека пак со исказот дека ги учат да ја почитуваат културата и традицијата на другите етнички заедници се согласуваат 81% од нив.

82% од учениците се согласуваат, 14% делумно се согласуваат, а 4% не се согласуваат дека наставниците подеднакво се однесуваат со сите ученици, т.е. дека наставниците имаат правичен и еднаков третман кон сите ученици, без оглед на нивниот пол, етничка припадност и способности.

100% од наставниците се согласуваат дека наставникот ги охрабрува учениците внимателно да се сослушуваат едни со други, а при настанување на конфликт меѓу учениците, 95% од наставниците сметаат дека наставникот интервенира при истиот.

Во однос на работата со деца со посебни потреби, 67% од учениците сметаат дека тие ученици се соодветно вклопени во училишната средина, додека пак 71% од наставниците сметаат дека имаат потреба да посетуваат обука за работа со деца со посебни потреби, а 29% делумно се согласуваат.

### *5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница*

92% од анкетираните родители се чувствуваат добредојдени во училиштето и се задоволни од односот кон нив, 6% се делумно, а 2% не се задоволни.

95% од наставници се изјасниле дека имаат добра соработка со родителите, а 6% се делумно задоволни од соработката.

Следниот графички приказ ги покажува мислењата на родителите во однос на редовното и навремено добивање информации за успехот и поведението на учениците.




89% од родителите се согласуваат дека имплементирањето на информациската технологија и на е - дневникот им помага да остварат подобра соработка со наставниците, а 11% делумно се соглаасуваат.

78% од родителите сметаат дека училиштето има углед во локалната заедница, а 22% делумно се согласуваат.

## *РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО*

***Клучни јаки страни***

- **Соработка меѓу наставниците, наставник – ученик, ученик – ученик;**
- **Соработка меѓу наставниците и родителите;**
- **Соработката со локалната заедница;**

***Слаби страни:***

- **Да се прошири соработката со другите средни училишта од градот, државата, па и пошироко;**
- **Да се организираат обуки за наставниците за работа со деца со посебни потреби;**
- **Да се интензивира користењето на информатичката технологија за подобра комуникација со родителите и учениците;**
- **Да се подобри атмосферата за работа на часовите.**

***Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***

- **Поголема соработка со стопански организации и пазарот на работна сила;**
- **Поголема промоција на училиштето;**
- **Редовно користење на информатичката технологија со цел да се воспостави подобра комуникација со родителите и учениците и проширување на соработката со цел да се подобрат редовноста, успехот и дисциплината на часовите;**
- **Помасовно вклучување на учениците во проектни активности како помош при нивното стручно усовршување, вработување и прилагодување во новите услови.**

Соработката помеѓу наставниците и учениците во нашето училиште е воспоставена на сите полиња, а исто така на релација наставник-ученик и ученик-ученик. Независно од полот и етничкото потекло постои взаемно почитување помеѓу учениците и наставниците. Учениците се вклучени во: проекти, во спортски натпревари, натпревари по одделни предмети, саемски, модни ревии и други активности на кои постигнуваат солидни резултати, претставувајќи го училиштето. Сите ученици имаат еднакви права и должности кои ги остваруваат со раководителот на паралелката, педагогот, директорот и наставниците.

# *Подрачје на вреднување РЕСУРСИ*

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**6.1. Сместување и просторни капацитети**

**6.2. Наставни средства и материјали**

**6.3. Стручната служба како подршка на наставниот кадар**

**6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

**6.5. Финансиско работење во училиштето**

| **Извори: документи кои се прегледани** | **Добиени информации** |
|---|---|
| 6.1 Сместување и просторни капацитети:<br>**Годишна програма за работа;**<br><br>**План за развој на училиштето;**<br><br>**Записници од просветна и санитарна инспекција;**<br><br>**Полугодишен и годишен извештај;** | **Просторни услови**<br>СУГС „Кочо Рацин“ се наоѓа на урбанистичка парцела од *16.127 m²* која е во функција на образованието и на којашто во моментот се наоѓа нашето училиште, кое е од монтажен тип изградено во далечната 1964 год. како подарок од Англиската влада после катастрофалниот земјотрес во Скопје, сместено на ул. Лихнида бр. 3, Скопје – општина Ѓорче Петров.<br>Во 2020/2021 година, училиштето беше целосно реконструирано под покровителство на Град Скојпе.<br>Училиштето располага со 22 училници, 5 кабинети, 1 библиотека, 2 спортски сали, наставничка канцеларија, 3 канцеларии за администрација, санитарни простории и друг помошен простор. Вкупно 3162 m², оптимално искористени за сите членови во училиштето. Дворна површина од 16.127 m², озеленети 6000 m².<br>**Искористеност на просторните капацитети**<br>Просториите се користат оптимално за изведување на воспитно – образовниот процес, кој се одвива во две смени, а училиштето презема конкретни активности за подобрување на состојбата.<br>Заштитата и безбедноста на просториите ќе се обезбедуваат преку агенција за обезбедување ангажирана од страна на училиштето. |
| **Извори: документи кои се прегледани** | **Добиени информации** |
| 6.2. Наставни средства и материјали<br><br>Библиотечна евиденција<br><br>Годишна програма на училиштето | **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>Училишето е делумно опремено со стручна литература, односно има застарена стручна литература за текстилно-кожарската струка и недоволно наставни помагала за наставниците.<br>ИКТ како наставно средство е најзастапено во училиштето и согласно тоа, потребите од наставни средства се на задоволително ниво, а училиштето врши континуирано обновување со што е во континуитет со современите наставни текови. |

| | |
|---|---|
| Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето<br><br>Пописни листи<br><br>Сметководствена евиденција | Училиштето ги утврдува потребите за наставни помагала и истите се составен дел од наставната програма.<br>**Училишна библиотека**<br>Училишната библиотека располага со добра стручна литература, којашто ги задоволува потребите на учениците. Библиотечната евиденција е добра, но работното време на библиотеката не овозможува учениците да ја користат во текот на целиот училишен ден.<br>**Потрошен материјал**<br>Потрошниот материјал за хигиена го има во доволна количина, а набавката се врши редовно преку овластениот орган во училиштето.<br>Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вон наставните активности согласно училишниот план. |
| **Извори: документи кои се прегледани** | **Добиени информации** |
| 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар<br><br>Досиеа на вработени<br><br>Програма за работа на стручната служба<br><br>Годишна програма на училиштето<br><br>**Распоред на часови** | **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>Во училиштето има вкупно 52 лица од кои 33 се од женски и 19 од машки пол.<br>Според степенот на стручна подготовка има 2 магистри од женски пол, 3 магистер од машки пол, со ВСС се 37 лица, од кои 25 се од женски и 12 се од машки пол, со ССС се 11 лица, од кои 6 лица се од женски и 5 лица се од машки пол и.<br>**Ефективност и распоредување на кадарот**<br>Во училиштето има: директор, раководител на смена, секретар, благајник, педагог, библиотекар, наставници (32), хаусмајстори (2), хигиеничари (7), ноќни чувари (2).<br>Сите наставници подеднакво се задолжуваат во изведување на разни активности во училиштето.<br>Наставниот кадар е редовен на работа и крајно коректно се однесува кон пропишаните работни задачи.<br>Наставниот кадар според стручната подготовка соодветствува на критериумите пропишани со Законот за средно образование.<br>Наставниците поседуваат квалификации и искуства, стекнати низ процесот на нивното стручно оспособување.<br>**Стручната служба како поддршка на наставниот кадар**<br>Во училиштето постои педагог, којшто дава напатствија за работа на наставниците приправници, врши корелација на наставниците и наставата, учествува во организирањето на наставата, работа со ученици и тековни работи кои произлегуваат од потребите на училиштето. |
| **Извори: документи кои се прегледани** | **Добиени информации** |
| 6.4 Следење на образовните потреби на наставниот кадар | **Професионален развој на наставниците**<br>Училиштето има изготвено програма за професионален развој на наставниците.<br>Наставниците континуирано го усовршуваат својот професионален развој преку посета на сите обуки организирани од МОН, БРО, ЦСОО и невладините |

| | |
|---|---|
| Правилник за менторство<br><br>Програма за професионален развој на наставничкиот кадар<br><br>Сертификати за посета на семинари и обуки<br><br>Програма за професионален развој на наставничкиот кадар<br><br><br>**Сертификати за посета на семинари и обуки** | организации, како што се:<br>-Комуникациски вештини, јазични вештини<br>-Ненасилна разработка на конфликти<br>-Обука за оценување<br>-Модули за професионален развој<br>-Разрешување на конфликти<br>-Врсничка медијација<br>-Ненасилство во училиште<br>-Животни вештини<br>-Унапредување на оценувањето на учениците<br>-Превенција и рана детекција на користење на психоактивни супстанци<br>-Јакнење на професионалната компетенција во советување на родители и деца<br>-Обука за интегрирано планирање на наставата и имплементација и координирање на еколошките проекти во воспитно-образовните институции<br>-Обуки за кариерно советување,<br>-Обуки за заштита на лични податоци, и уште многу други обуки.<br>Училиштето има изготвено правилник за работа со ментори според кој нововработениот наставник се подготвува за полагање на стручниот испит.<br>Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионалниот развој на наставниците.<br>Оценувањето на работата на наставниците се врши преку континуирано следење, од увид во планирата и подготовките за наставата во пишана форма, од посета на часови и консултации од страна на стручната служба, директорот, инспекторите од ДПИ и советниците од БРО и ЦСОО. |
| **Извори: документи кои се прегледани** | **Добиени информации** |
| 6.5. Финансиско работење во училиштето<br><br>**Финансиски план**<br><br>**Финансиски извештај**<br><br>**Тендери за набавка** | **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење**<br>Училиштето има изготвено финансиски план за јавни набавки.<br>Трошоците на училиштето во најголем дел се за комуналии и материјални трошоци. Овие трошоци се покриени од градот. Приходите кои ги добива училиштето на сопствената сметка се во најголем дел од средствата за уписи и полагање на испити за вонредните ученици.<br>Постапките за добро спроведуваното и контролирано финансиско работење ги следи финансиски оддел на МОН, Град Скопје, локалната самоуправа и Училишниот одбор, кои го одобруваат финансискиот план.<br>За училишниот буџет и за трошоците информирани се сите членови на Училишниот одбор: директор, колеги, родители, претставници од МОН, Град Скопје, локалната самоуправа, стопанската комора, кои ја следат работата и завршната сметка на училиштето. |

# *Анализа и интерпретација на резултатите од анкетите на подрачјето*

## *6.1. Наставни средства и материјали*

Во однос на исказот, која од понудената стручна литература ја користат наставниците во наставата, 24% наставници се определиле дека користат лексикон и енциклопедии во наставата, 19% се определиле за збирки задачи, 10% се определиле за користење на разновидни речници од областа на странските јазици, физиката, хемијата, биологијата, анатомски речници, 43% се опредлелиле за други наставни средства и материјали. Додека учениците во најголем процент користат речници и збирки задачи, потоа атласи, прирачници и друга литература, а најмал процент користат лексикони и енциклопедии.

За користење на учебникот како наставно средство, се определиле 52% од наставниците, 38% од наставниците се определиле за користење и на компјутерот како наставно средство, 5% од нставниците користат пирачник како наставно средство, а 5% користат други наставни средства.

На исказот „кои од понудените наставни средства ти се на располагање во училиштето, 71% од учениците се изјасниле дека е учебникот, 71% од нив го одбрале и компјутерот, 33% се определиле за карти, 14% се определиле и за прирачници, 5% се определиле за алат и прибор, а 19% за друго.

Во однос на наставните помагала, 33% од наставниците се изјасниле дека најмногу користат прибор за пишување, 53% се изјасниле дека користат лцд проектори, 14 % се изјасниле за други материјали.

На поставените искази кои ја опфаќаат состојбата со училишната библиотека, 19% од наставниците се согласни дека немаат сознанија дали библиотечниот фонд редовно се надополнува со нови изданија од лектирна и стручна литература, 19% од наставниците се изјасниле дека, книжниот фонд на библиотеката ги задоволува нивните потреби, 48% сметаат дека библиотечниот фонд редовно се надополнува со нови изданија од лектирна и стручна литература, 9% сметаат дека библиотечниот фонд не се надополнува со нови изданија, а 5% сметаат дека книжниот фонд на библиотеката не ги задоволува нивните потреби.

Во однос на исказот од областа на потрошен материјал 67% од наставниците одговориле дека  потрошниот материјал навремено се обезедува, 14% од наставниците одговориле дека, потрошниот материјал навремено се обезедува, но го нема во потребна количина, а 14% сметаат дека потрошниот материјал се обезедува по нивна интервенција.

### *6.2. Стручната служба како поддршка на наставниот кадар*

При организација на наставниот процес, најголем број од наставниците се согласуваат дека им помага стручната служба (91%), а 9% делумно се согласуваат со овој исказ.

За водење на педагошката евиденција наставниците во училиштето редовно добиваат напатствија, со што се согласуваат 95% од наставниците.

100% од наставниците се согласуваат дека, во случај да се појави конфликт помеѓу наставник-ученик, наставник-родител и ученик-ученик, стручната служба правовремено се вклучува и помага да се разреши истиот.

95% од наставниците се согласуваат дека, учениците во секое време можат да добијат советодавна помош од стручната служба.

91% од наставниците се согласуваат дека во училиштето се спроведуваат анкети поврзани со наставата, редовноста, училишната клима, како и вон наставните активности, додека 9% делумно се согласуваат.

95% од испитаниците се согласуваат и 5% делумно се согласуваат дека стручната служба соработува и ги следи т.н. проблематични ученици и учениците со посебни потреби.

91% од испитаниците се согласуваат дека, стручната служба и училиштето имаат механизми со кои го следат напредокот на наставниците и на учениците (и тоа: следење на успехот и постигнувањата на учениците и наставниците, посета на часови, консултативни разговори со наставниците и учениците, анализа на успехот класифициран по периоди, анкети, професионално досие на наставникот).

Во однос на потребата од педагошко-психолошката служба во организацијата на наставата поголем број од испитаниците се изјасниле дека имаат потреба, а како причини се наведени: консултации, дополнување на знаењата, потреба од дефектолог при работа со учениците со ИОП, потреба од психолог за работа со децата со емоционални проблеми.

### *6.3. Следење на развојните потреби на наставниот кадар*

Поголем дел од анкетираните наставници (95%) се согласуваат со исказот дека, училиштето ги идентификува потребите за професионален развој на наставниците, преку различни форми за нивна идентификација, додека 5% делумно се согласуваат со овој исказ.

95% од испитаниците се согласуваат потполно, со исказот дека, училиштето има програма и стратегија за обезбедување на професионалниот развој на наставниците (вклучувајќи го тука и менторството), а 5% се согласуваат делумно.

Следниот графички приказ го дава мислењето на испитаниците во однос на тоа дека наставниците приправници постепено се воведуваат во работата со добивање на соодветна подршка:




Дека училиштето обезбедува финансиска подршка за учества на конгреси, семинари и симпозиуми или други професионални манифестации, се согласуваат 91% од испитаниците, а 9% од испитаниците делумно се согласуваат.

91% од испитаниците сметаат дека на наставниците им е овозможено перманентно стручно усовршување, а 9% делумно се согласуваат.

Во училиштето има правилници и други внатрешни механизми за оддавање на признанија и наградување на кадарот кој вложува во своето усовршување, активен е во различни сфери на дејствување поврзани со образованието и внесува новини во работата, со што се согласуваат 76% од испитаниците, 14% делумно се согласуваат дека постојат, а 10% не се согласуваат.

76% од испитаниците се согласиле, дека квалитетот на наставата се подобрил по поминатите обуки, а 24%  делумно се согласиле со овој исказ.

### *6.4. Професионален развој на наставниците*

На прашањето „Дали сте запознаени со програмата за стручно усовршување на наставниците во вашето училиште“ – 71% од анкетираните наставници  одговориле потврдно, а 29% одговориле негативно.

На прашањето „Дали имате можност да влијаете на изборот на теми и облици на стручното усовршување во училиштето“ – 70% од испитаниците одговориле позитивно, додека 30% се изјасниле со негативен став.

24% од испитаниците учествувале во некои облици на стручно усовршување надвор од училиштето (Стручно усовршување за подготовка на нови наставни планови и програми; Мировно образование; Еколошка едукација; Културолошки студии во книжевноста...).

Дополнително, како теми на обуки потребни за нивниот понатамошен професионален развој, најголемиот број од испитаниците ги навеле: Работа со ученици со посебни образовни потреби, посебно со дечиња со аутизам; Вештачката интелигенција во наставата; Методика во наставата; Прва помош.

### *6.5. Финансиско работење во училиштето*

На прашањето „Дали училиштето има изготвено прецизен финансиски план“ – 67% од анкетираните наставници одговориле потврдно, 33% одговориле дека не знаат и нема испитаници кои се изјасниле со негативен став.

На прашањето „Дали вработените имаат увид во постапките кои се преземаат за финансиското работење“ – 29% од испитаниците одговориле позитивно, 52% одговориле дека не знаат и 19% се изјасниле со негативен став.

Во однос на прашањето, „Дали вработените редовно се информирани за училишниот буџет и трошоците“ – 20% од испитаниците одговориле потврдно, 55% одговориле дека не знаат и 25% одговориле негативно.

Во однос на распределбата на финансиските средства, дали се врши во согласност со реалните потреби на училиштето - 48% од испитаниците одговориле потврдно, 52% одговориле дека не знаат и нема испитаници кои одговориле негативно.

Мислењата на испитаниците во врска со исказот дека во училиштето се изработуваат проекти со кои се конкурира за добивање на финансиски средства и техничка помош, се дадени со следниот графикон:




Само 29% од испитаниците одговориле потврдно, а 71% дека не знаат дали училиштето за оваа година има добиено донации од страна на локалната самоуправа.

## *РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО РЕСУРСИ*

***Клучни јаки страни***

- **Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вон наставните активности согласно училишниот план;**
- **Оптимално искористен простор;**
- **Озеленета дворна површина;**
- **Во училиштето функционира стручна служба:**
- **Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставниот процес;**
- **Наставниците во училиштето редовно добиваат напатствија за водење на педагошката евиденција;**
- **Во случај да се појави конфликт помеѓу наставник-ученик, наставник-родител и ученик-ученик, стручната служба правовремено се вклучува и помага да се разреши истиот;**

- **Учениците во секое време можат да добијат советодавна помош од стручната служба;**
- **Наставниците приправници постепено се воведуваат во работата со добивање на соодветна подршка;**
- **Училиштето има програма и стратегија за обезбедување на професионалниот развој на наставниците (вклучувајќи го тука и менторството);**
- **Училиштето е транспарентно при вклучување на наставниот кадар во проекти и обуки;**
- **Училиштето ја почитува законската регулатива за професионалниот развој на кадарот;**
- **Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионалниот развој;**
- **Во програмата за работа на службата се планирани активности поврзани со учениците со посебни потреби;**
- **Училиштето има прифатено проекти кои му донеле материјална или техничка корист.**

***Слаби страни:***

- **Училиштето е делумно опремено со стручна литература;**
- **Недостаток на градско парно греење;**
- **Дотраена електрична и водоводна инсталација;**
- **Недостаток од училишен простор;**
- **Неопремени училници со нов инвентар;**
- **Недостаток од санитарни простории;**
- **Недостаток од современи наставни помагала;**
- **Недоволно потрошен материјал;**
- **Наставниците немаат можност да влијаат на изборот на теми и облици на стручното усовршување во училиштето;**
- **Наставниците не се доволно обучени за работа со учениците со посебни потреби;**
- **Во училиштето не се изработуваат проекти со кои се конкурира за добивање на финансиски средства и техничка помош;**
- **Вработените не се редовно информирани за училишниот буџет и трошоците.**

***Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***

- **Училиштето да посвети внимание за обезбедување на средства за финансиска**

| |
|---|
| **подршка на наставниот кадар за учества на обуки, конгреси, семинари и други професионални манифестации;** |
| • **Училишната библиотека да се збогати со струна литература;** |
| • **Да се набават нови наставни нагледни средства и материјали;** |
| • **Наставниот кадар треба да влијае на изборот на теми и облици на стручното усовршување во училиштето;** |
| • **Да се спроведе соодветна обука за работа со учениците со посебни потреби.** |

Подрачјето ресурси е направено за да се види сликата на училиштето и потребите со кои се соочува поради недостатоците што ги има. Училиштето е реконструирано во 2020/2021 година, наставата се одвива нормално со голем елан и се постигнуваат солидни резултати. Библиотеката има мал фонд на книги по нова програма, а делумно се задоволуваат потребите од потрошен материјал и наставни помагала. Училиштето овозможува вработените да се осовременуваат за да се постигнуваат подобри резултати. Финансиското работење во училиштето е распределено според потребите и можностите.

# *7. Подрачје на вреднување: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА*

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**7.1. Управување и раководење со училиштето**

**7.2. Цели и креирање на училишната политика**

**7.3. Развојно планирање**

| **Извори: документи кои се прегледани** | **Добиени информации** |
|---|---|
| 7.1 Управување и раководење со училиштето:<br><br>**Деловник за работа на училишниот одбор**<br><br>**Статут на училиштето**<br><br>**Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор** | **Училишниот одбор е колективен орган на управување.**<br>Него го сочинуваат 12 членови : 3 претставници од Советот на Град Скопје 4 претставници од наставниците, , 1 претставник назначен од МОН , 3 претставници од Советот на родители и 1 претставник од Стопанска комора на Македонија без право на глас. Училишниот одбор е орган на управување во чија работа учествува и директорот. Училишниот одбор работи и одлучува на седници кои се свикуваат по потреба, а по иницијатива на: Претседателот на УО, на барање на директорот и на барање на најмалку 1/3 од членовите на УО. Работата на УО е регулирана со Деловник за работа кој го усвојува Одборот на седница, односно со секое конституирање на нов состав се усвојува и Деловник за работа.<br>Состаноците се свикуваат со доставување лични покани, предлог дневен ред и предлог-одлуки до членовите на УО. Седниците се одржуваат и полноправно се одлучува доколку е обезбеден законски утврдениот кворум за работа.<br>Училишниот одбор води записник за својата работа и во него се внесуваат сите важни елементи од седницата како и донесените одлуки и заклучоци. Записниците се усвојуваат на следната седница , а потоа се заведува во деловодникот. Усвоениот и заведен записник од седницата претставува правна основа за постапување како на училишниот одбор така и на директорот, стручните служби, наставниците и другиот персонал во училиштето.<br>По завршување на мандатот на училишниот одбор претседателот изготвува извештај за работата на одборот во текот на четиригодишниот мандат.<br>Управување,раководење и креирање политика.<br>Училиштето во голема мера се грижи за заштита на животната средина, нуди проекти за соработка, реализира еко-акции, соработува со учениците на ниво на едукација, но и делување на учениците во насока на зачувување на животната средина и сопственото здравје. Со цел еколошките теми да бидат поприсутни во наставата се преземаат мерки предвидени со годишната програма за работа на училиштето, со дополнување на наставните планови на наставниците со еколошки содржини, акции за засадување на садници, еко патроли, поттикнување на учениците креативно да се изразуваат на тема екологија и негување на духот на учениците за здрава животна средина.<br>Наставниот кадар се оценува како кадар со високи способности и можности за |

| | |
|---|---|
| **План за развој на училиштето**<br><br>**Интервју со членови на Училишен одбор**<br><br>**Програма за работа на директорот**<br><br>**Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**Програма за работа на стручните** | усовршување и во доменот на работа со деца со посебни потреби при што предлог е во наставата да се вклучат и дефектолози кои ќе придонесат за поефикасна адаптација на децата со ПОП, како и обука на педагошко-психолошката служба. Се предлагаат активности во рамките на класните часови, советување со родителите и учениците, родителски средби и работилници на кои ќе се разговара за инклузијата и потребата од вклучување и прифаќање на децата со посебни потреби. Сето ова се прави со цел учениците да станат свесни дека децата со посебни потреби е неопходно да бидат дел од редовната настава бидејќи тоа е нормален тренд во земјите кои имаат солиден воспитно образовен систем но и хумана потреба да се почитуваат различностите.<br>Примената на ИКТ во наставата е редовно застапена, се постигнува напредок во остварувањето на наставните цели предвидени во наставните програми и планови. Училиштето има обезбедено редовен систем на контрола на дневните подготовки и одржување на часовите од аспект на користење на ИКТ и интерактивна настава како обврска согласно Законот за средно образование.Училиштето преку едукација за компјутерска етика презема мерки во насока на подигнување на општествената свест кај учениците за одговорно користење на социјалните мрежи.<br>За се она што е реализирано придонесува работната атмосфера во училиштето која е позитивна благодарејќи на колегијалноста и професионалноста на директорот, раководниот тим, наставниците и стручните соработници.<br>**Раководење со училиштето**<br>Директорот на училиштето е индивидуален раководен орган. Обврските и надлежностите на директорот се утврдени со Законот за средно образование и Статутот на училиштето.<br>Раководниот орган има професионални знаења и организациски способности кои се темелат на долгогодишното искуство во наставниот процес.<br>Се залага за модерна дидактика, фокусирана подеднакво на изучување на природно - математичката група предмети, општествените предмети, јазиците и предметите кои се во функција на средното стручно образование.<br>Промовира еко - стандарди во секој сегмент на училиштето.<br>Настојува во осовременувањето и надградувањето на компјутерската опрема и интернетот.<br>Иницира проекти и успешно ги следи промените во образовниот систем.<br>Стручно се усовршува и го поттикнува усовршувањето кај вработените.<br>Самостојно донесува одлуки и секогаш е подготвен да преземе одговорност.<br>Постигањата на учениците и презентирањето на училиштето се негов приоритет.<br>Се грижи за збогатување на библиотечниот фонд (секоја година се набавуваат нови книги).<br>Кај вработените развива доверба и ги мотивира за тимска работа.<br>Секогаш обезбедува комуникација која се темели на меѓусебна соработка и почитување.<br>Соработува со другите училишта, организации и локалната самоуправа.<br>Во размена на идеи и разрешување на проблеми соработката ја реализира на седници на Наставнички совет, активи, стручна служба и други тела формирани во училиштето.<br>Директорот одржува состаноци со динамика согласно потребите на училиштето.<br>Директорот своите одлуки ги соопштува на Наставничките совети, преку писмени извештаи и со консултации. Учениците најчесто се информираат преку класните |

| | |
|---|---|
| **соработници**<br><br>**Развоен план на училиштето** | раководители, соопштенија и состаноци на ученичка заедница.<br>За успешно креирање на училишната политика, носечкиот дел го има директорот. Директорот дава насоки, инструкции и задолженија на стручните тела, комисии и поединци, кои преку соодветни повратни форми на комуникација известуваат за начинот и текот на реализација на дадените задолженија. Исто така се вршат и континуирани меѓусебни консултации и координација при водењето на училишната политика. |
| **Извори: документи кои се прегледани** | **Добиени информации** |
| 7.2. Цели и креирање на училишна политика<br><br>**Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**Закон за средно образование**<br><br>**Развоен план на училиштето**<br><br>**Акциони планови**<br><br>**Записници од Училишен одбор, Совет на родители, Наставнички совет, Стручна служба**<br><br>**Интерен правилник за дисциплински мерки** | **Јасност и соодветност на целите**<br>Училиштето делува како самостоен субјект.<br>Општа цел на училиштето е да го оспособи ученикот да го примени стекнатото и тековното знаење во разни области од човековото живеење, што е воедно во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Учениците да се здобијат со потребни знаења, умеења и навики од одредени научни дисциплини усвојувајќи знаења за продолжување на образованието или вклучување во процесот на трудот, односно да обезбеди основа за доживотно учење. Изминатите години приоритетно беше воспитување и образување на учениците преку подигнување на еколошката свест, зголемување на одговорноста на учениците, намалување на отсуствата од часови и подигнување на квалитетот на наставата со примена на интерактивна настава и примена на ИКТ во реализацијата на наставните содржини.<br>Процедури за креирање на училишната политика<br>Поставените цели придонесуваат за подобрување на постигањата на учениците преку реализација на следниве задачи:<br>▪ континуирано оценување на учениците со примена на различни методи и техники<br>▪ навремено регулирање на изостаноците и изрекување педагошки мерки<br>▪ интензивирање на соработката помеѓу родителите, раководителите на паралелките, наставниците и стручните соработници<br>▪ следење на отсуствата од настава<br>▪ анализа на причините за отсуства од настава<br>▪ советодавни разговори со учениците и родителите<br>▪ заклучоци и предлог мерки<br>▪ реализација на наставната програма и интегрирање на содржини од еко стандардите<br>▪ оспособување на учениците за критичко размислување и активно дејствување во околината.<br>▪ развивање навики за штедливост и економичност во користење на природните ресурси<br>▪ развивање на еколошката свест кај младите<br>▪ поттикнување на емпатијата и социјалната интелигенција кај младите<br>▪ интегрирана настава во училиштето преку есеи, проекти, решавање на задачи, вклучување на учениците во спортски манифестации и вонваставни активности.<br>Учениците преку низа активности а пред сè со подобрување на успехот и редовноста активно учествуваат во реализирањето на целите и успешноста на училиштето. Соработката со учениците се базира на основната потреба ученикот да се третира како личност, да се почитува неговото мислење и да му се даде |

| | |
|---|---|
| **Интервју со стручен соработник**<br><br>**Записници во дневникот од додатна и дополнителна настава според потребите на учениците**<br><br>**Годишен извештај**<br><br>**Извештаи од посета на часови на наставниците**<br><br>**Дневници за работа**<br><br>**Извештаи од реализирани проекти поддржани од секторот на Град Скопје** | можност да ги искажува своите воспитно - образовни потреби.<br>За учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година се организира дополнителна настава.<br>Учениците кои се упатени на поправен испит по завршувањето на наставната година посетуваат продолжителна настава.<br>За учениците кои ќе покажат зголемен интерес за одделни научни и наставни содржини организирана е додатна настава преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одделни предмети и подрачја.<br>Слободните ученички активности придонесуваат за ангажирање и поттикнување на индивидуалните способности, задоволување на интересот на учениците, развивање на колективната свест како и збогатување на општествениот живот и рекреација на учениците.<br>Воннаставните активности се можност за креативно изразување на учениците во области за кои покажуваат поголеми афинитети. Освоените награди и признанија се еден од показателите за успешност на училиштето.<br>Во училиштето успешно се реализира практичната настава за учениците од текстилно-кожарската и економско-правната и трговска струка.<br>Реализирани се проекти (Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, Проект за ненасилно однесување во училиштата, Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, Јакнење на професионалната компетенција на стручните соработници во советување со деца и родители, Реална училишна компанија и кариерен центар) поддржани од секторот на град Скопје.<br>Во училиштето се води политика на взаемна толеранција поврзана со поведението и дисциплината, сузбивање на насилничкото однесување на учениците и дискриминација од секаков вид. Ваквите евентуални појави се санкционираат со примена на одредбите од Законот за средно образование, Правилникот за педагошки мерки и Статутот на училиштето.<br>Соработката на стручните соработници со учениците, наставниците и родителите придонесува за подобро решавање на сите појави кои се однесуваат на напредокот на училиштето.<br>Училиштето има извонредна соработка со родителите која се одвива преку: родителскиот одбор, родителски средби, индивидуални контакти и соработка со стручните соработници.<br>Обврските и задолженијата на вработените се јасно прецизирани и навремени, а тоа придонесува за поголема ефективност и успешност на училиштето.<br>Вработените се карактеризираат со стручност, квалификации и професионалност.<br>Сите вработени активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на поставените цели. |
| **Извори: документи кои се прегледани** | **Добиени информации** |
| 7.3. Развојно планирање<br>**Развоен план на училиштето**<br><br>**Акциски планови за постигање на** | **Цели на развојното планирање**<br><br>Составен дел на развојниот план на училиштето се сите елементи потребни за реализација на воспитно - образовниот процес, поткрепени со јасната мисија и визија на училиштето, целите, задачите и активностите на евалуацијата. Планот е донесен за период од четири години.<br>Во развојните цели е дефинирана промената кон која стремиме како и |

| | |
|---|---|
| **поставените цели**<br><br>**План за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови**<br><br>**Интервју со директор**<br><br>**Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**Извешатаи од интерната евалуација**<br><br>**План за професионален развој**<br><br>**Финансиски план на училиштето**<br><br>**Извештај од реализацијата на финансискиот план** | придобивките од неа. Сите приоритетни области кои се обработени во развојниот план потекнуваат од проценката на состојбата во училиштето. Во нив се презентирани носителите на активностите, чекорите и времето на реализација.<br>Сите вработени во училиштето се информирани за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. Позитивните придобивки се резултат на стручност, професионалност и ангажираност.<br><br>**Професионален развој/стручно усовршување на кадарот**<br><br>Потребата од кариерен и професионален развој на стручниот кадар во училиштето е секогаш присутна. Таа се состои од учество на обуки, семинари, конгреси и курсеви, вебинари, но и перманентно следење на современа стручна литература и усогласување во методолошкиот приод во реализирање на наставата (тимска изработка на годишните и тематските планови). Примената на стекнатите знаења континуирано се следи од директорот и раководниот тим.<br>Материјално - техничките средства се значаен фактор за успешно реализирање на воспитно - образовните цели и задачи. Опременоста со наставни средства, помагала и материјали придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на нивото и квалитетот на наставата и реализирање на програмските барања, а со тоа и за постигнување на подобри резултати.<br>Потребите од нагледни средства се согледуваат преку барањата на стручните активи, а истите се планираат во развојниот план на училиштето.<br>Инфраструктура<br>Училиштето е формирано во 1964 год. како монтажна барака која е добиена како донација од англиската влада по катастрофалниот земјотрес во 1963 год.<br>Во 2021/2022, училиштето е целосно реконструирано под покровителство на Град Скопје. |

# *Анализа и интерпретација на резултатите од анкетите на подрачјето*

## *7.1. Управување и раководење со училиштето*

Првиот исказ во кој се дадени споредбени резултати од анкетираните родители, ученици и вработени покажува дека помеѓу вработените и учениците владеат добри односи. И тоа, 87% од родителите се согласуваат со овој исказ, а 13 % делумно се согласуваат, додека 81% учениците се согласуваат со овој исказ, 14% делумно се согласуваат, а 5% не се согласуваат..

Во однос на исказот дека, националната, етичката, верската, културната и јазичната различност се почитуваат и негуваат, одговорено е позитивно. Така, 92% од

родителите се согласуваат со овој исказ, а 8% делумно се согласуваат, додека 91% од учениците се согласуваат со овој исказ, 5% делумно се согласуваат и 4% не се согласуваат.

На следниот графикон се претставени одговорите на анкетираните родители за исказот дека училиштето е во постојан контакт со нив како родители, при што редовно се информирани за напредокот и постигнувањата на нивните деца:




Исто така, позитивно е одговорено и во однос на исказот дека, раководниот тим на училиштето влијае на добрата клима во училиштето. И тоа, ист процент - 86% и од родителите и од учениците се согласуваат со овој исказ, а 14% од нив делумно се согласуваат.

76% од учениците се согласуваат дека, активно учествуваат во донесување на одлуки за животот и работата на училиштето, 19% делумно се согласуваат, а 5% не се согласуваат, додека 81% од родителите сметаат дека учениците активно учествуваат во донесување на одлуки за животот и работата на училиштето, 17% делумно се согласуваат, а 2% не се согласуваат.

### *7.2. Цели и креирање на училишната политика*

Во однос на исказот дека, пристапот на поучување е соодветен на потребите, интересите и возраста на учениците, 81% од наставниците се согласуваат, а 19% делумно се согласуваат, додека 81% од учениците се согласуваат, а 14% делумно се согласуваат и 5% проценти не се согласуваат.

95% наставници сметаат дека наставниците во училиштето внимателно ги проценуваат учениците со различни способности или афинитети, водејќи сметка секој ученик да биде соодветно поттикнат, при тоа развивајќи кај него одредени вештини, како и самостојност во учењето.

78% од родителите се согласуваат дека, училиштето има добро разработен план за праведно оценување на постигањата на учениците, 19% делумно се согласуваат, а 3% не се согласуваат.

Позитивен е одговорот на родителите во однос на исказот дека, родителите се поттикнуваат на соработка со наставниците со цел да се следи напредувањето на учениците, како и дека средбите со родители се редовни и добро организирани, што може да се види од следниот графички приказ:







Во училиштето постојано се применуваат јасни правила на однесување, сметаат 81% од наставниците и 86% од учениците, 10% од учениците делумно се согласуваат со овој исказ, а 4% од учениците не се согласуваат.

81% од учениците се согласуваат дека во училиштето се негува и поттикнува демократскиот дух така што тие се вклучени во процесот на донесување на одлуки во училиштето преку нивни организации (т.е. се бара нивното мислење и тоа се зема во предвид при решавањето на проблемите и одлучувањето), 14% од учениците делумно се согласуваат, а 5% не се согласуваат.

84% од родителите се согласуваат дека училиштето дејствува во согласност со законските одредби и усвоени начела штитејќи ги учениците од насилство, злоупотреба на дрога и злоставување, додека 16% од нив делумно се согласуваат.

Училиштето ги поттикнува учениците во вклучување на различни вонннаставни активности, според 76% од учениците, додека 19% делумно се согласуваат и 5% не се сосгласуваат со исказот.

### *7.3. Развојно планирање*

Во однос на прашањата за ова подрачје, добиените податоци покажуваат дека: при креирање на развојниот план на училиштето се консултирани наставниците (согласни 91% од наставниците), а пак за консултирањето на родителите и учениците при креирањето на планот се согласни 81% од наставниците, како и 65% од родителите

се согласуваат, 29% делумно се согласуваат, а 6% не се согласуваат, и 85% од учениците се согласуваат со овој исказ, а 15% делумно се согласуваат.

Целите на училиштето се насочени кон унапредување на квалитетот на учење и кон подобри постигања на учениците, со што се согласуваат 90% од учениците, 5% делумно се согласуваат, и 5% не се согласуваат, додека 84% од родителите се согласуваат со овој исказ, 14% делумно се согласуваат, а 2 % не се согласуваат.

Одговорите на наставниците на исказот, дека вработените во училиштето активно учествуваат во развојот на училиштето и во преиспитување на училишната политика и нејзините насоки, се дадени со следниот графикон:




95% од анкетираните наставници се согласуваат, а 5% делумно се согласуваат со исказот дека училиштето учествува во проекти кои се предложени од локалната заедница, 91% од наставниците се согласуваат дека, на наставниците им е овозможено постојано стручно усовршување, за што училиштето има јасни цели и приоритети, а 9% делумно се согласуваат.

Во однос на прашањето дали се задоволни со условите за работа во ова училиште, 85% од учениците одговориле дека се задоволни, 10% од учениците одговориле дека се делумно задоволни, а 5% одговориле дека не се задоволни.

Дека располагањето со финансиски средства е во согласност со воспитно-образовните цели и приоритети на училиштето, се согласуваат 90% од наставниците, а 10% делумно се согласуваат.

## *РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА*

***Клучни јаки страни***

- **Во училиштето постојат услови за демократско одлучување;**
- **Промовирање на еко - стандарди во секој сегмент на училиштето;**
- **Соработката со сите субјекти во училиштето е добра;**
- **Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето;**
- **Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет**
- **Во остварувањето на целите на училиштето се вклучени сите субјекти;**
- **Стручното усовршување на наставниците овозможува примена на нови форми и методи во наставата и објективност во оценувањето;**
- **Финансиските средства се во функција на приоритетите на училиштето и воспитно - образовните цели;**
- **Голем избор на воннаставни активности ;**
- **Училишните простории соодветно се одржуваат и се на задоволително ниво од естетски и хигиенски аспект.**
- **Библиотеката е добро опремена. Таа претставува поддршка на наставниот процес.**
- **Реконструирана училишна зграда и добри услови за работа;**

***Слаби страни:***

- **Потреба од поголема соработка меѓу активите за размена на искуства за примена на новините во образовниот процес;**
- **Потреба од индивидуални програми за ученици со посебни потреби;**
- **Потреба од обуки за наставниците и стручните соработници за работа со ученици со посебни потреби;**
- **Поттикнување на наставниците за организирање на воннаставни активности, а со тоа опфат на поголем број на ученици со истите;**
- **Подобрување на редовноста и успехот кај учениците;**
- **Подобрување на уписната политика;**
- **Вклучување на учениците во донесување на одлуки, решенија и правила што се значајни за нив;**
- **Поголемо учество на родителите во разни активности во училиштето;**

***Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***

- **Да се вклучат наставниците и учениците во донесувањето на значајни одлуки во работата на училиштето и креирањето на политиката на**

**училиштето;**
- **Потреба од стручно усовршување на наставниците и наставни програми за ученици со посебни потреби;**
- **Поголемо учество на родителите во разни активности во училиштето;**
- **Подобрување на медиумската кампања за промоција на училиштето;**
- **Поголема соработка со локалната заедница.**

Во училиштето се активирани сите служби во реализирање на приоритетната задача за поддршка на раководството и креирањето политика.

Освен административна и педагошка, континуирана поддршка има од учениците, од наставниците и од родителите, како и од служби вон училиштето, а кои се во доменот на поддршка на училиштето. Тука е вклучена и локалната самоуправа, а учениците волонтерски учествуваат во активностите на училиштето.

## *МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО*

- Постојано развивање на нови можности за реализација на квалитетно образование;
- Усовршување на наставата преку современа теоретска и практична настава со примена на современи наставни методи и техники;
- Да се одржи и зачува позитивниот приод кон учењето кај младиот човек за да создадеме активен граѓанин со развиени знаења, вештини и ставови, со развиени компетенции за креативност, иницијативност, способност за решавање на проблеми, за одлучување, способност за социјална инклузија, кои ќе им овозможат на учениците лична сатисфакција и развој, потребни за нивното понатамошно вработување или продолжување на образованието.

## *ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО*

- Училиштето да создаде добри услови за комплетно и квалитетно образование од различни области со примена на современи методи и техники;
- Усовршување на наставата и прилагодување на наставните теми и содржини според потребите кои ги имаат младите луѓе во современиот начин на живеење;

- Развој и почитување на индивидуални квалитети и вредности кај секој поединец;
- Соработка меѓу учениците, наставниците и родителите без разлика на полот, верската припадност и националноста, меѓусебно почитување, надминување на стереотипите и предрасудите, а воедно и на разликите и тенденција за толеранција и понатамошна соработка и размена на идеи, искуства и традиционални вредности со сите учесници вклучени во образовниот процес;
- Развивање на добра и квалитетна соработка, тимска работа, взаемно почитување меѓу наставниците како и релација со учениците и родителите;
- Поттикнување на индивидуалниот развој на учениците, нивната активност, иновативност, креативноста и натпреварувачкиот дух на работа, преку примена на современи наставни методи за работа и стандарди за оценување, како и примена на ИКТ, со цел да создаваме успешни генерации;

***Квалитетно образование***
***темел за нашата подобра иднина!..***


Претседател (професор)
(професор)
(професор)
(професор)
Претставник од локалната самоуправа
Претставник од локалната самоуправа
Претставник од локалната самоуправа
(родител)
(родител)
(родител)
Претставник од МОН
Претставник од стопанска комора на РМ
УЧИЛИШЕН ОДБОР